# Проценка за тригодишниот напредок и влијанието на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027

Изработила Благица Петрески, доктор на економски науки
Извршен директор на Finance Think и
Вонреден професор на Универзитет Американ Колеџ

Скопје, Февруари 2025 година

# Содржина


Скратени називи ..... 4

Преглед на стратегијата за родова еднаквост ..... 5

Методологија и податоци ..... 7

Ефективност ..... 7

Стратешка цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на национално и локално ниво ..... 10

1.1 Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост ..... 11

1.2 Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво ..... 11

1.3 Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки ..... 12

Стратешка цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и на приватниот живот ..... 12

2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап ..... 16

2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа ..... 22

2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот ..... 25

2.6: Родово сензитивни образование и наука ..... 27

2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност) ..... 33

2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност ..... 34

2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи ..... 35

2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот ..... 36

2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата ..... 37

Стратешка цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет ..... 38

3.1: Спречување и борба против родово базирано насилство ..... 39

3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост ..... 40

Влијание ..... 43

Ефикасност ..... 44

Анекс 1: Активности и планиран буџет според статусот на реализација на активноста. .................. 47

**Табели:**

Табела 1: Специфични цели, резултати и исполнетост на активности од Стратешка цел 1 ............... 10
Табела 2: Специфични цели, резултати и исполнетост на активности од Стратешка цел 2 ............... 13
Табела 3 Индикатори и исполнетост на активности за Резултат 2.1.1 Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници ......................................................................................................... 16
Табела 4: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.1.2; 2.1.4; и 2.1.5. ...................... 19
Табела 5: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.2.1; 2.2.2; 2.2.3 и 2.2.4 .............. 23
Табела 6: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.4.1; и 2.4.4 ................................ 25
Табела 7: Индикатори на ниво на резултат 2.6.1 Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници ............................................................................................................................................ 28
Табела 8: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.6.2; и 2.6.3 ................................ 29
Табела 9: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.7.1; и 2.7.2 ................................ 33
Табела 10: Постигнување според индикатори на ниво на Резултат 2.9.1, и исполнетост на активности. ........................................................................................................................................ 35
Табела 11: Специфични цели, резултати и исполнетост на активности од Стратешка цел 3 ............ 38
Табела 12: Планиран буџет во денари според исполнетост на активностите. .................................. 44
Табела 13: Планиран буџет по специфична цел ................................................................................... 45
Табела 14: Извори на планиран буџет по извори на финансирање .................................................... 46

# Скратени називи

АВМУ - Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
АВРСМ Агенција за вработување на Република Северна Македонија
АКН Агенција за катастар на недвижности
МС Министерство за спорт
АСЈО Академија за судии и јавни обвинители
АФПЗРР Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој
БРО Биро за развој на образованието
ГО Граѓански организации
ДЗС Државен завод за статистика
ЕЛС Единици на локална самоуправа
ЗЕМ Закон за еднакви можности на жените и мажите
ЗСД Завод за социјални дејности
МВР Министерство за внатрешни работи
МЕ Министерство за економија
МЗШВ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МИОА Министерство за информатичко општество и администрација
МК Министерство за култура
МНРиНТ Министерство за надворешни работи и надворешна трговија
МО Министерство за одбрана
МОН Министерство за образование и наука
МОТ - Меѓународна организација на трудот
МП Министерство за правда
МСПДМ Министерство за социјална политика, демографија и млади
МФ Министерство за финансии
НАПРЕ - Национален акциски план за родова еднаквост
НКТН Национално координативно тело за насилство
НСРЕ Националната стратегија за родова еднаквост
НСФ Национални спортски федерации
ОДУ Органи на државна управа
УН Вомен Тело на ООН за родова еднаквост и зајакнување на жените
ЦОВ Центар за образование на возрасни
ЦСОО Центар за стручно образование и обука

## Преглед на стратегијата за родова еднаквост

Националната стратегија за родова еднаквост (НСРЕ) за периодот 2022-2027 година претставува клучен документ кој што ја дефинира рамката за активности и политики насочени кон подобрување на родовата еднаквост во Северна Македонија. Стратегијата е разработена со цел да се одговори на предизвиците и пречките кои стојат пред реализација на целосна родова еднаквост, и тоа преку трите главни стратешки цели, секоја со свои специфични цели и мерки (Слика 1).

- Првата стратешка цел
- Втората стратешка цел се фокусира на подобрување на положбата на жените во приоритетните области како што се пазарот на труд, здравствената и социјална заштита, образованието, и процесите на одлучување. Оваа цел подразбира директна акција и поддршка за справување со родово базирано насилство и заштита на правата на жените и девојките во секој аспект на животот.
- Третата стратешка цел е усмерена кон сузбивање на родовите стереотипи и промовирање на култура на недискриминација и еднакви можности за сите, без оглед на полот. Ова вклучува активности за јакнење на општествената свест, воспоставување на ефикасни механизми за справување со дискриминација и за промоција на политики за еднаков третман.

За успешно спроведување на стратегијата, за првите три години усвоен е еден Национални план за акција и Оперативни планови кои опфаќаат различни активности задолжени за реализација на поставените цели. Вкупно, идентификувани се 61 активност кои се спроведуваат во рамките на овој план, со што се обезбедува непрекинат процес на мониторинг и евалуација на напредокот во остварувањето на целите на стратегијата.

*Слика 1: Шематски приказ на стратешките цели на Националната стратегија за родова еднаквост 2013-2020*

- **Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на национално и локално ниво**
  - 1.1 Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост
  - 1.2 Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво
  - 1.3 Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки
  - 1.4 Имплементација на родова перспектива во работата и креирањето мерки и програми во време на вонредни услови и кризни состојби на централно и на локално ниво
- **Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и на приватниот живот**
  - 2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап
  - 2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа.
  - 2.3: Зајакнати механизми за заштита на животната средина и креирање родово одговорни политики за климатски промени и климатски отпорни политики за родова еднаквосте
  - 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот
  - 2.5: Еднаков пристап до здравствена заштита за сите жени
  - 2.6: Родово сензитивни образование и наука
  - 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност)
  - 2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност
  - 2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи
  - 2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот
  - 2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата
- **Сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитетрз основа на пол**
  - 3.1: Спречување и борба против родово базирано насилство
  - 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост

## Методологија и податоци

Методологијата за проценка е во линија со водичот за проценка  на УН Вомен[1]. Проценката на тригодишниот напредок  и влијанието на Стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 опфаќа поширок пристап на анализа, и тоа: анализа на директната имплементација на активностите од одговорните институции, постигнување на ниво на резултат како и усогласеност на поставените активности со целите и соодветноста на индикаторите.

Процесот на проценка се темели на три од пет основните принципи дефинирани во водичот: ефективност, ефикасност и влијание.

## Ефективност

Проценката на ефективноста на Националниот акциски план за родова еднаквост (НАПРЕ) за периодот 2022-2024 е дизајнирана да ги анализира резултатите од спроведените активности во рамките на стратегијата, истовремено оценувајќи го нивниот придонес кон специфичните стратешки цели. Овој процес користи мерливи индикатори, кои се креирани со цел да ги оценат успесите на резултатите достигнати преку различните активности во планот.

Стратегијата за првпат воведува индикатори на ниво на резултат, што претставува напредок во споредба со Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2013-2020 година, кога воопшто немаше дефинирани индикатори на ова ниво. Во рамките на целата стратегија се идентификувани вкупно 260 индикатори, од кои 99 се однесуваат на НАПРЕ 2022-2024 година. Овој значителен број на индикатори може да предизвика потешкотии во ефективното мониторирање и евалуација, бидејќи прекумерниот обем потенцијално го расплинува фокусот и го намалува квалитетот на собраните податоци. Оптимизацијата и консолидацијата на индикаторите значително би придонеле кон подобро управување со податоците и попрецизно мерење на напредокот. За **50% од индикаторите на ниво на целата стратегија и за 37% на ниво на НАПРЕ 2022-2024 година нема достапни податоци, што укажува на потенцијални проблеми во собирањето на податоците или во дефинирањето на самите индикатори**. На средбата со работната група беше утврдено дека не постои унифициран систем за собирање на податоци. Стратегијата и резултатите се повеќесекторски и одговорноста за собирање на индикаторите е споделена помеѓу повеќе од десет институции, а во рамките на секоја институција повеќе сектори, што дополнително го усложнува процесот на следење на исполнетоста на овие индикатори.

Со оглед на овие слабости и предизвици, би било препорачливо **да се разгледа можноста за намалување на бројот на индикатори, согласно расположливоста на податоци,** со цел да се постигне поголема фокусираност и ефективност во процесите на мониторинг и евалуација. На средбата беше истакнато и дека често се бараат поделени податоци на ниво на објект, општина или сектор, кои се особено тешки за собирање и кои значително го зголемуваат бројот на подиндикатори. Овие наоди сугерираат дека **постои потреба од развој на пософистициран систем за собирање на податоци**, кој ќе ја земе предвид мерливоста на индикаторите, ќе води сметка за изворите на податоци, како и за навременоста и регуларноста на собирањето на податоците.

[1] https://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publications/2015/un-women-evaluation-handbook-en.pdf?la=en&vs=1401

*График 1: Расположливост на мерливи податоци, на ниво на резултат, за цела стратегија и НАПРЕ 2022-2024*




Исполнувањето на активностите е критичен чекор кон постигнувањето на целите наметнати во Националниот план за акција за родова еднаквост (НАПРЕ). Од анализата на графикон 2, кој ги прикажува степените на исполнетост на планираните активности и учество на активностите во вкупните активности според трите стратешки цели, евидентно е дека планираните активности се имплементирале со различен степен на успех. Првата стратешка цел, која се фокусира на воспоставување на ефективен систем за унапредување на родовата еднаквост, покажува 21% учество во вкупните планирани активности со 54% исполнетост од планираните активности. Ова покажува дека и покрај ограниченото учество, активностите што се спроведени се доста успешни.

Втората стратешка цел, која тежнее кон подобрување на положбата на жените во јавниот и приватниот сектор, има највисоко учество, 62% од вкупните активности се сконцентрирани во оваа стратешка цел, со слична исполнетост од 58% од планираните активности, што укажува на ефективна реализација на активностите. Напротив, третата стратешка цел, иако покажува висока исполнетост од 80%, има релативно ниско учество во вкупните активности од само 20%. Ова сугерира дека дури и малкуте спроведени активности се изразито ефикасни во постигнувањето на своите цели и потенцијално може да се зголеми бројот на активности во оваа област за да се искористи нивниот висок потенцијал за успех.

Сепак, умерената исполнетост на првите две цели може да укаже на голема амбициозност во планирањето на активностите или на концентрација на ресурсите во одредени институции. Во следниот период од дизајнирањето на стратегијата, треба да се размисли за **балансиран пристап, каде активностите ќе бидат дизајнирани соодветно на капацитетот на институциите, приоритетите на стратегијата, и со фокус на квалитетот пред квантитетот на активностите.**

*График 2: Учество на активности според сстратешки цели и степен на исполнетост*




Извршувањето на активностите е првиот чекор кон конечните цели на стратегијата. За целосна оцена на успехот на Националниот акциски план за родова еднаквост (НАПРЕ) за периодот 2021-2024, критично е да се проценат и постигнатите резултати во рамките на секоја стратешка цел. За оваа намена, користени се квантитативни индикатори на ниво на резултат кои обезбедуваат мерливи податоци за напредокот во спроведувањето на активностите. Овие индикатори се важни за утврдување на степенот на исполнетост на активностите и нивната врска со постигнувањата во рамките на стратегијата.

## Стратешка цел 1: Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на национално и локално ниво

Првата стратешка цел (Табела 1) вклучува три критични специфични цели кои се клучни за системското подобрување на родовата еднаквост.

*Табела 1: Специфични цели, резултати и исполнетост на активности од Стратешка цел 1*

| Исполнетост на активности и број на активности | 7 | 4 | 2 |
|---|---|---|---|
| **Специфична цел, резултати и соодветни активности** | **Да** | **не** | **Нема податок** |
| **1.1 Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост** | | | |
| ***1.1.1 Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво*** | | | |
| Утврдување на план и програма за обуки<br>Спроведување на планот и програмата | 1 | | |
| Воспоставување на одделение и пополнување на капацитети на одделението | 1 | | |
| Јавна дебата за ЗРЕ и јавна расправа во Собрание | | 1 | |
| Утврдување на работни задачи, цели и одговорности на координатиорите за родова еднаквост<br>- Утврдување на потребни квалификации за извршување на работните задачи<br>-Измена на каталогот за ситематизација на работните места | | 1 | |
| ***1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците*** | | | |
| ЕЛМС надградба на модулот за еднакви можности | | 1 | |
| Изработка на годишен план и програма за континуиран професионален развој за центрите за социјална работа за 2023и 2024 | | | 1 |
| Изработка на годишен план и програма за обуки за Ресурсниот центар за обуки за 2023 и 2024 | 1 | | |
| Креирање модули за обука за родова еднаквост на централно и на локално ниво | 1 | | |
| Прибирање на родово разделени статистички податоци за лица кои ја поминале обуката за ЕЛМС за 2023 и 2024<br>Прибирање на родово разделени статистички податоци за лица кои поминале обуки согласно планот и програмата за обуки на Ресурсниот центар за обуки за 2023 и 2024 | | 1 | |
| **1.2: Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво** | | | |
| ***1.2.1 Унапредени капацитетите за РОБ на сите нивоа на креирање политики и буџети*** | | | |
| Од резултат 1,1,3 | | | 1 |
| Спроведување на обука за родово одговорни буџетски иницијативи | 1 | | |
| Спроведување на обуки за РОБ за чинители на централно и на локално ниво | 1 | | |
| **1.3: Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки** | | | |

| | |
|---|---|
| ***1.3.1 Редовно собирање и ажурирање на родово разделени податоци на сите нивоа и кај сите релевантни чинители*** | |
| Надградба на ХРМИСОТ за да обезбеди родово разделени податоци | 1 |

## 1.1 Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост

Оваа специфична цел се реализира преку девет активности кои водат до два клучни резултати, унапредување на механизмот за родова еднаквост на централно ниво, и воспоставување механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците. Активностите за постигнување на овие резултати вклучуваат: утврдување и спроведување на планови и програми за обуки; воспоставување на одделение, јавни дебати, креирање годишни програми и модули за обуки; прибирање родово разделени статистички податоци за обучени лица; дефинирање на работни задачи и квалификации за координаторите за родова еднаквост и јавна дебата за ЗРЕ и јавна расправа во Собрание.

**Резултатот од првата специфична цел 1.1.1** е делумно постигнат со воспоставување на Одделение за родово одговорни политики и буџетирање во декември 2022 година, кое вклучува три вработени. Ова одделение игра значајна улога во подготовката на политики, обезбедувајќи редовна координација и комуникација со различни институции и поддршка на родовата еднаквост. Сепак, јавната дебата и расправа за Законот за родова еднаквост не е целосно реализирана, иако се одржале осум јавни дебати за предлог-Законот во текот на 2022 година кој бил поставен на ЕНЕР, јавната расправа во Собрание не е реализирана, што укажува на недостаток во спроведувањето на полната транспарентност и инклузивност во законодавниот процес.

**Вториот резултат 1.1.2**, кој вклучува креирање на годишни планови и програми за обука, е умерено постигнат. Иако успешно се изработени плановите и програмите за обуки, не е извршена надградбата на модулот за еднакви можности во системот ЕЛМС, и не се прибрани родово разделени статистички податоци за обучени лица. Ова ја намалува можноста за детална анализа и ефективен мониторинг на напредокот во областа на родова еднаквост, создавајќи неизвесност во оценката на комплетната исполнетост на целите.

Како заклучок, **додека значителен напредок е забележан во некои области, сериозни предизвици се очигледни во континуираното прибирање на податоци и комплетното спроведување на планираните активности.**

## 1.2 Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво

Оваа стратешка цел се реализира преку три активности насочени кон унапредување на капацитетите за родово одговорно буџетирање и креирање политики. Специфичната цел 1.2 успешно се реализира со комплетно исполнување на сите планирани активности, што значително придонесува кон зголемување на капацитетите за родово одговорно буџетирање на сите нивоа на креирање политики и буџети. Преку воспоставените системи за обуки, успешно се спроведени вкупно 31 обука за РОБ на централно и локално ниво, со вклучување на вкупно 335 обучени лица, од кои претежно се жени. Ова укажува на успешната имплементација и одржување на родовата

перспектива во рамките на политичките и буџетски процеси. Оваа комплетна реализација на активностите покажува дека постојат **солидни основи за континуирано и ефикасно вклучување на родовите прашања во политиките и буџетирањето**, што е критично за доследно промовирање на родовата еднаквост на сите нивоа на владеење. **Комплетното исполнување на активностите од оваа специфина цел, поставува основа за поамбициозни чекори и активности** во следниот Акциски план, имплементација и следење на импактот, преку креирање предлози за родови политики, анализа на политиките и буџетските предлози низ родова призма.

### 1.3 Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки

Оваа специфична цел е насочена кон развој и имплементација на системи за редовно собирање и ажурирање на родово разделени податоци. Основната активност во рамките на оваа цел вклучува надградба на ХРМИС системот за да се обезбедат детални и релевантни родово разделени податоци, кои се суштински за ефикасен мониторинг и евалуација на политиките и мерките за унапредување на родовата еднаквост. **Иако техничката надградба на системот е успешно реализирана, сѐ уште постои неизвесност во однос на практичната имплементација на собирањето и анализата на податоците**. Ова подразбира дека додека инфраструктурата за податоци е подобрена, потребно е дополнително внимание да се посвети на обезбедувањето дека овие податоци се користат активно и систематски за информирање и усовршување на родовите политики и стратегии.

## Стратешка цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и на приватниот живот

Стратешка цел 2 е концентрирана на различни аспекти на унапредување на родовата еднаквост преку 11 специфични цели (табела 2), од кои дел се вклучени во НАПРЕ 2022-2024 година, и тоа:

- 2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап;
- 2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа;
- 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот;
- 2.6: Родово сензитивни образование и наука;
- 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност);
- 2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност;
- 2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи;
- 2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот;
- 2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата;

*Табела 2: Специфични цели, резултати и исполнетост на активности од Стратешка цел 2*

| **Исполнетост на активности и број на активности** | **22** | **8** | **3** | **5** |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел, резултати и соодветни активности** | Да | Не | **Делумно** | Нема податок |
| **2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап** | | | | |
| ***2.1.1 Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници*** | | | | |
| Развој на образовни програми за основно и средно училиште за одржлив развој, енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија; со фокус на промоција и поддршка на жените да продолжат со професионални кариери во секторите. | | | 1 | |
| Спроведување на кампања „Гласна и храбра“ | 1 | | | |
| Спроведување на теренски активности (јавни дебати, информативни средби) за запознавање на жените од рурални средини за можности за вработување и стимулирање на здружувањето на жените од руралните средини во задруги | | | 1 | |
| Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот | 1 | | | |
| Финансиска поддршка за женско претприемништво за дигитализација на деловните процеси | 1 | | | |
| ***2.1.2 Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки*** | | | | |
| Спроведување на Анкетата за структура на заработувачката, која има четиригодиќна периодика. Анкетата ќе се спроведе во 2023 година, со што ќе се обезбеди индикаторот за 2022 година. | 1 | | | |
| ***2.1.4 Подобрен квалитетот на работа на жените*** | | | | |
| Измена на Законот за работните односи во насока на обезбедување на родителско отсуство за мажите | | 1 | | |
| Измена на Законот за работните односи во насока на регулирање на механизми за флексибилно работно време | | 1 | | |
| ***2.1.5 Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионалниот и приватниот живот*** | | | | |
| Донесена Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година; | 1 | | | |
| Изградба на градинка во општина Теарце | 1 | | | |
| Изградба на градинка во општина Тетово | 1 | | | |
| **2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа** | | | | |
| ***2.2.1 Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште*** | | | | |
| 10 Кампањи за сузбивање на родови стереотипи во рурални средини. | | 1 | | |
| Иницирање на предлог-законски одредби за зголемување на бројот на жени сопственици на недвижен имот во кодификацијата на граѓанскиот законик | | 1 | | |

| | |
|---|---|
| Организирање на<br>на меѓународна конференција на рурални жени од Балканот заради размена на искуства во однос на преминување од неформална во формална економија | 1 |
| ***2.2.2 Намалена неплатената работа што ја вршат жените во руралните средини*** | |
| Подготвена програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност | 1 |
| ***2.2.3 Зголемено учество на жените во програмите за финансиска поддршка во земјоделството*** | |
| Спроведување на Мерката 115 – Поддршка на активен женски член на земјоделско стопанство | 1 |
| ***2.2.4 Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулативни мерки и поддршка*** | |
| Доделување на стипендии за студенти запишани на ветеринарна и земјоделска струка. | 1 |
| Доделување на стипендии на ученици од земјоделско ветеринарна струка | 1 |
| **2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот** | |
| ***2.4.1 Жените еднакво учествуваат во сферите на донесување одлуки на највисоките национални нивоа на управување (Заложба 50-50)*** | |
| Иницијатива за измени на изборно законодавство за постоечки квоти<br><br>Доставување на предлози за зајакнување на позицијата на жените | 1 |
| ***2.4.4 Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите*** | |
| Изработка на студии, анализи поврзани со претставување на родот и родовите прашања на ТВ и Радио | 1 |
| Обезбедување родово разделени статистички податоци за сопственичка структура и структура на вработените на ТВ и Радио<br>Објавување на одлуки по претставки на граѓани<br><br>Јавно презентирање на резултатите | 1 |
| **2.6: Родово сензитивни образование и наука** | |
| ***2.6.1 Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници*** | |
| Креирање на мерки за поттикнување на девојчиња и на нивните родители за завршување на средно училиште | 1 |
| Креирање на мерки за зајакнување на училиштата и училишните служби за препознавање и постапување во случај на можност за предвремено напуштање на образование | 1 |
| ***2.6.2 (До)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за стекнување квалификации, со цел зголемен пристап до пазарот на труд*** | |
| Финансиска поддршка на образование на возрасни Роми кои немаат комплетирано основно или средно образование | 1 |
| ***2.6.3 Промовиран принцип за родова еднаквост во научноистражувачка дејност*** | |
| Доделување стипендии за студенти Роми. | 1 |
| ***2.6.5 Целосно воспоставено сеопфатно сексуално образование*** | |
| Евалуација на пилот програмата за сеопфатно сексуално образование (ССО | 1 |
| Кампањи за зголемување на свеста за придобивките од ССО | 1 |

| | |
|---|---|
| Обуки за наставници и стручни работници за спроведување на изборен предмет за ССО во 9 одделение | 1 |
| Подготовка на Национална Стратегија за ССО 2022-2030 | 1 |
| **2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност)** | |
| ***2.7.1 Зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесување одлуки*** | |
| Активности за поттикнување на вклучување на девојчиња во образование за вработување во областа на безбедноста и мирот | 1 |
| семинари/работилници за промоција<br>-јавни кампањи, јавни дебати, изготвување видео/аудио/печатени материјали | 1 |
| ***2.7.2 Родово сензитивен персонал во одбраната, надворешната политика и внатрешните работи*** | |
| **Поттикнување на еднакво учество на обуките и за мажи и за жени во одбраната** | 1 |
| **2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност** | |
| ***2.8.1 Воспоставени и унапредени специфични мерки за ранливи категории жени и лица со различни родови идентитети, со посебно внимание кон интерсекционалност*** | |
| **Воспоставување на сервиси за жртви на РБН и СН во планските региони согласно стандардите на ИК** | |
| **2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи** | |
| ***2.9.1 Законите, мерките и политиките овозможуваат еднаков пристап до правда за жените од ранливите категории*** | |
| **Подготовка, објавување и дистрибуција на информативни брошури**<br>**Спроведување на обуки за давателите на БПП за препознавање и овозможување на пристап до бесплатна правна помош** | 1 |
| **2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот** | |
| ***2.10.1 Зголемено учеството на жените и на девојчињата во спортско-рекреативни активности, како и учество во системот на натпреварување во спортските клубови, преку соодветни програми и стимулативни мерки*** | |
| **Мерки за поттикнување на спортски клубови за организирање соодветни тренинзи за жени** | 1 |
| **2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата** | |
| ***2.11.1 Зголемено учество на жени во проекти на полето на културата*** | |
| **Објавување на годишни конкурси (согласно чл. 64 од Законот за културата) поврзани на теми кои третираат родово сензитивна проблематика во културата** | 1 |
| ***2.11.2 Родовите прашања се повидливи во културните настани и во издаваштвото на полето на културата*** | |
| **Изготвување на Анализа за користење на просторот на национални и локални институции од областа на културата за проекти и активности фокусирани на род и родови идентитети** | 1 |
| ***2.11.3 Промовирани авторки во македонска книжевност и преведени дела од странски автор(к)и*** | |
| **Креирање на родово поделена база на податоци за лица што аплицирале и добиле финансиска поддршка од МК**<br>**Објавување на родово поделена статистика во резултатите од конкурсите на МК** | 1 |

## 2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап

**Резултатот 2.1.1**, кој цели кон **зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд**, посебно фокусиран на жените од маргинализирани заедници, покажува мешани успеси (Табела 3).

*Табела 3 Индикатори и исполнетост на активности за Резултат 2.1.1 Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници*

| Индикатори на ниво на резултат | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на активно население (15+), по пол - **мажи** | 67,4 % | 67,2 % | 66,8 % | 66,3 % | 62,0 % | 61,8 % | Спроведување на теренски активности (јавни дебати, информативни средби) за запознавање на жените од рурални средини за можности за вработување и стимулирање на здружувањето на жените од руралните средини во задруги | Делумно |
| Процент на активно население (15+), по пол - **жени** | 47,3 % | 46,3 % | 45,1 % | 44,3 % | 42,8 % | 43,7 % | | |
| Стапка на вработеност (население 15+), по пол -**мажи** | 56,2 % | 55,9 % | 55,7 % | 55,9 % | 53,2 % | | | |
| Стапка на вработеност (население 15+), по пол -**жени** | 38,9 % | 39,3 % | 39,0 % | 38,8 % | 37,9 % | | | |
| Број на невработени **жени** пријавени во АВРСМ | 49.526 | 78.564 | 66.914 | 57.970 | 54.824 | | | |
| Процент на искористеност на мерки за вработување, по пол, по степен на образование -**мажи** | 47,3 % | 50,1 % | 55,8 % | 54,6 % | 54,0 % | | Финансиска поддршка за женско претприемништво за дигитализација на деловните процеси | да |
| Процент на искористеност на мерки за вработување, по пол, по степен на образование -**жени** | 52,7 % | 49,9 % | 44,2 % | 45,4 % | 46,0 % | | Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот | да |
| | | | | | | | Развој на образовни програми за основно и средно училиште за одржлив развој, енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија; со фокус на промоција и поддршка на жените да продолжат со професионални кариери во секторите. | Делумно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Спроведување на кампања „Гласна и храбра“ | да |

*Извор на податоци: Државен Завод за статистика,Анкета за работна сила; АВРМ годишен извештај*

Забележано е намалување на активноста на пазарот на труд кај мажите од 67,4% во 2019 на 61,8% во 2024, и кај жените од 47,3% на 43,7% во истиот период. Ова намалување може да биде резултат на дестимулацијата и демотивацијата изразена во време на КОВИД-19 пандемијата. Разликата во активноста на пазарот на труд меѓу половите останува значајна, при што мажите имаат стапка на активност поголема за околу 19,2 процентни поени од жените, што укажува на длабоко вкоренети структурни нееднаквости кои не се суштински адресирани со тековните мерки. Падот на стапката на вработеност е исто така забележлив; за мажите се намалила од 55,9% во 2020 на 53,2% во 2023, и за жените од 39,3% на 37,3%. И покрај тоа што падот кај мажите е поголем, што теоретски може да сугерира намалување на јазот во вработувањето, сепак останува фактот дека овој пад може да има негативни импликации за вработливоста на жените во долгорочен план. Бројот на регистрирани невработени жени се намалил од 78.564 во 2020 на 54.824 во 2023, што може да укажува на подобрување на вработливоста, но исто така и на потенцијално дестимулирање за активно барање работа поради разочарување или отсуство на соодветни можности. Искористеноста на мерките за вработување покажува зголемување во учеството на мажите од 50,1% на 54% и намалување кај жените од 49,6% на 46%, што може да индицира дека политиките и мерките можеби не се доволно насочени кон потребите и пречките со кои се соочуваат жените во контекстот на пазарот на труд.

Анализата на исполнетоста на **активностите** покажува задоволителна, но нецелосна реализирација на активностите. Од пет предвидени активности, три се целосно и две се делуно реализирани. Спроведувањето на теренски активности за информирање и стимулирање на жените од рурални средини е реализирано делумно. Ова укажува на потреба за поинтензивно вклучување и дополнителна анализа на влијанието на овие активности за зголемување на нивната ефективност. Финансиската поддршка за женско претприемништво, како во туризмот така и во дигитализацијата на деловните процеси, се покажа како стабилно и успешно реализирана активност. Со 43 од вкупно 97 апликанти во 2022, и исто така 43 од 183 во 2023, фондовите се користени и даваат солидна основа за поддршка на жените во овие области. Покрај ова, развојот на образовни програми за одржлив развој и енергетска ефикасност во основните и средните училишта, со фокус на промоција и поддршка на жените да продолжат со професионални кариери во секторите, е реализиран само делумно.

Според анализираните податоци, активностите предвидени под овој резултат не изгледаат доволно силни или директно поврзани со структурните пречки кои го ограничуваат полниот економски потенцијал на жените на пазарот на труд. Додека краткорочните и површински интервенции може да дадат извесни подобрувања, недостатокот на длабоки структурни промени може да го намали нивниот долгорочен ефект. Особено забележително е дека, иако финансиската поддршка и образовните програми се клучни, тие треба да бидат вградени во поширок социоекономски рамки кои ги адресираат културните стереотипи, нерамномерната распределба на домашни обврски, и лимитираните сервиси за поддршка за грижа за деца и стари лица, кои се клучни за активација на жените на пазарот на труд. Оттука, за идно подобрување, потребно е поголема координација меѓу целните резултати и активностите кои директно ги таргетираат овие структурни пречки.

*Табела 4: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.1.2; 2.1.4; и 2.1.5.*

| Резултати | Индикатори на ниво на резултат | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.2 Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки | Процент на родов јаз во платите (неприспособен) | | | | | | | Спроведување на Анкетата за структура на заработувачката, која има четиригодиѓна периодика. Анкетата ќе се спроведе во 2023 година, со што ќе се обезбеди индикаторот за 2022 година. | да |
| 2.1.4 Подобрен квалитетот на работа на жените | Вработени со полно работно време, по пол – **мажи** | 399.960 | 393.558 | 390.748 | 390.272 | 384.907 | | Измена на Законот за работните односи во насока на обезбедување на родителско отсуство за мажите | не |
| | Вработени со полно работно време, по пол – **жени** | 279.612 | 280.218 | 276.561 | 275.658 | 283.860 | | Измена на Законот за работните односи во насока на регулирање на механизми за флексибилно работно време | не |
| | Времетраење на работниот век, по пол - **мажи**[2] | 36,8 | 36,1 | | | | | | |
| | Времетраење на работниот век, по пол – **жени** | 26,4 | 25,7 | | | | | | |
| 2.1.5 Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионалниот и | - Вработени (15+) со флексибилност во работното време, по пол, по возраст – мажи | 18.029 | 16.239 | 13.614 | 14.402 | 11.220 | | | |
| | - Вработени (15+) со флексибилност во работното време, по пол, по возраст – жени | 13.480 | 13.718 | 12.571 | 11.702 | 8.308 | | | |
| | Застапеност на сервиси за грижа за деца и стари лица, по општини | | | | | | | | |
| | Јавни установи за грижа на деца[3] | 69 | 103 | 104 | 113 | 117 | | | |
| | - Деца згрижени во формални сервиси за грижа | 38.094 | 26.589 | 31.293 | 35.932 | 37.804 | | Донесена Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година; | Да |
| | - Време (%) поминато во активности во домаќинството, по пол | | | | | | | Изградба на градинка во општина Тетово | Да<br>да |

---

[2] https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/lfsi_dwl_a/default/map?lang=en

[3] https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=25&rbrObl=3

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| приватниот живот | - Воспоставено непреносливо родителско отсуство за мажите | | | | | | | Изградба на градинка во општина Теарце |
| | - Родов јаз во вработеност кај родители на деца помали од 6 години | | | | | | | |
| | мажи (%) што не бараат работа поради грижа за семејството | 2,0% | 1,0% | 1,0% | 1,0% | 1,0% | | |
| | Жени (%) што не бараат работа поради грижа за семејството | 40,0% | 39,0% | 38,0% | 39,0% | 36,0% | | |

*Извор на податоци: Државен Завод за статистика: Анкета за работна сила; Установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки;*

__**Резултатот 2.1.2**__ цели кон **намалување на родовиот јаз во платите преку соодветни мерки.** Овој резултат е значаен индикатор за понатамошни мерки, сепак не постојат квантитативни податоци кои би ја дефинирале промената во родовиот јаз во платите низ годините. **Клучната активност под оваа цел, спроведувањето на Анкетата за структура на заработувачка, е завршена, но истата претставува само основен извор на податоци, за да се пресмета родовиот јаз во плати**, кој пак понатаму треба да послужи за дизајн на конкретни мерки. Една од препораките за активност за следниот акциски план е да се изработи анализа за родовиот јаз во плати, со развој на конкретни препораки за адресирање и намалување на истиот.

__Резултатот 2.1.4__, и __Резултатот 2.1.5__ кои се фокусираат на **подобрен квалитет на работа на жените** и воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот покажуваат различни трендови во пазарот на труд за мажи и жени. Во периодот од 2020 до 2023 година, забележано е намалување на бројот на вработени мажи со полно работно време од 393,558 на 384,907. Наспроти ова, бројот на вработени жени покажува благ пораст од 280,218 во 2020 година на 283,860 во 2023 година, откако претходно беа забележани опаѓања. Оваа промена може да укажува на постепено подобрување на условите на пазарот на труд за жените. Истовремено, индикаторот за вработеност со флексибилност во работното време покажува намалување кај двата пола, но со значително поизразено намалување кај жените, од 13,718 во 2020 година на 8,308 во 2024 година. Ова укажува на потенцијални структурни пречки кои ги ограничуваат можностите за флексибилно работно време, што би можело да има значителни последици врз вклученоста на жените во работната сила.

Со оглед на законските промени кои се уште се во процес на имплементација, постои значителен потенцијал за подобрување на работните услови за жените. Двете активности кои се планирани и не се реализирани, а се **во насока на измени за воведување на механизми за флексибилно работно време и родителско отсуство за мажите** би можеле суштински да влијаат на работните услови и да ги направи поеднакви. Но, нивната конечна ефективност останува неизвесна сè додека не се направат промените. **Замајќи ја предвид структурната природа на овие активности понатамошни напори во насока на застапување, лобирање и поддршка на овие измени се клучни во следниот период.**

**Резултатот 2.1.5**, кој се фокусира на усогласувањето на професионалниот и приватниот живот во согласност со Директивата на ЕУ за баланс меѓу овие два аспекта, покажува значителен напредок во достапноста на услуги за грижа. Ова е особено видливо преку зголемувањето на бројот на јавни установи за грижа на деца, кој расте од 69 во 2019 година на 117 во 2024 година, сигнализирајќи јасен тренд на подобрување во оваа област. Исто така, се забележува зголемување на бројот на деца згрижени во јавни сервиси за грижа од 26,589 во 2020 година на 37,804 во 2024 година. Иако нема податок колкав % од вкупниот број на деца е оваа бројка, сепак ова покажува позитивен импакт од континуираното вложување и унапредување во услугите за деца, што е клучно за поддршка на родителите да останат активни на пазарот на труд. Во однос на распределбата на времето потрошено во домаќинствата по пол, сè уште нема квантитативни податоци за периодот на евалуацијата, затоа што Анкетата за користење на времето како клучен извор на информации е последно собрана во 2015 година и препорака е истата да биде предвидена како дел од активностите во следниот акциски план. Слично, и индикаторот „Родов јаз во вработеност кај

родители на деца помали од 6 години“, не е достапен и може да се пресмета само преку подлабинска анализа, преку податоци од Анкета за работна сила. Оттука, во потенцијалната анализа  на родов јаз во плати, да биде пресметан.

Интересно е да се забележи дека, иако процентот на мажи кои не бараат работа поради грижа за семејството останува стабилен на околу 1% од 2020 година до 2024, процентот на жени во истата ситуација покажува намалување од 40% во 2019 година на 36% во 2024 година. Ова може да сугерира дека мерките кои се преземени имаат извесен успех во обидот да се олесни вклучувањето на жените во работната сила и намалување на традиционалните родови очекувања за грижа за домаќинството.

Трите **планирани активности** од НАПРЕ и СРЕ кои придонесуваат кон овој резултат (Донесена Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година; Изградба на градинка во општина Тетово; и Изградба на градинка во општина Теарце) се успешно реализирани. Земајќи предвид дека ова се активности кои прават суштински промени и директен придонес кон резултатот, во следниот Акциски план **да се идентификуваат ваков тип активности и да се предвидат како активности.**

## 2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа

С**пецифичната цел 2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството** преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа вклучува четири под-резултати за да се обезбеди целосна поддршка и интеграција на жените во земјоделскиот сектор.

*Табела 5: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.2.1; 2.2.2; 2.2.3 и 2.2.4*

| Резултати | Индикатори на ниво на резултат | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1 Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште[4] | Жени (%) носителки на стопанства од вкупен број | 10,4%[5] | | | 22,6%[6] | | 10 Кампањи за сузбивање на родови стереотипи во рурални средини. | не |
| | Жени (%) од рурални средини сопственички на имот | | 4,07% | | | | Организирање на на меѓународна конференција на рурални жени од Балканот заради размена на искуства во однос на преминување од неформална во формална економија | не |
| | Број на жени што самостојно вршат земјоделска дејност | | | | | | | |
| | Број на спроведени кампањи за подигнување на свесноста за правото на имот и наследување | | | | | | Иницирање на предлог-законски одредби за зголемување на бројот на жени сопственици на недвижен имот во кодификацијата на граѓанскиот законик | не |
| 2.2.2 Намалена неплатената работа што ја вршат жените во руралните средини | Жени (%) во неформална економија, кои имаат здравствено и/или социјално осигурување | | | | | | Подготвена програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност | да |
| | Број на сервиси за деца и стари лица во рурални средини, по општини | | | | | | | |
| | Број на усвоени мерки за формализирање на неформалната работа | | | | | | | |
| 2.2.3 Зголемено учество на жените во програмите за финансиска поддршка во земјоделството | Учество на жени (%) како носителки на апликации за финансиска поддршка | | | | | | Спроведување на Мерката 115 – Поддршка на активен женски член на земјоделско стопанство | да |
| | Жени (%) носителки на апликации што добиле финансиска поддршка | | | | | | | |
| 2.2.4 Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулативни мерки и поддршка | Носители на земјоделски стопанства, по возраст, по пол (жени) | | | | Вкупно 128989, жени 29153 | | Доделување на стипендии на ученици од земјоделско ветеринарна струка | да |
| | Млади (%) во однос на стари носители на стопанства, по пол | | | | | | Доделување на стипендии за студенти запишани на ветеринарна и земјоделска струка. | да |
| *Извор: Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство; Единствениот регистар на земјоделски стопанства.* | | | | | | | | |

---

[4] Според Единствениот регистар на земјоделски стопанства –носители, од вкупен број на земјоделски стопанства изнесува 128.989, жени носител на земјоделско стопанство се 29 153, односно 22,6%. Учеството на жените во задругите е 124 членки. Во однос на претходната година, во 2022 година бројот на земјоделските задруги е зголемен за 4 задруги, додека бројот на жените управители е 8 и останува ист. Бројот на земјоделските задруги има тренд на зголемување во првата половина од 2023 година на 10 жени управителки на земјоделски задруги.

[5] https://www.zpis.gov.mk/Upload/Documents/Godisen%20Zemjodelski%20Izvestaj%202020.pdf

[6] Податоци

**Резултатот 2.2.1** цели кон **подобрување на положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште**. Согласно последните податоци од Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), само 22.6% од носителите на земјоделски стопанства се жени, со вкупен број на 29,153 од 128,989 регистрирани земјоделски стопанства (Годишниот извештај за 2022 и 2023 година за спроведување на Стратегијата за Родова Еднаквост 2022-2027 и Националниот Акциски План за родова еднаквост 2022-2024). Дополнително, само 4,07% од жените од руралните средини се сопственички на имот (Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2021 година). Сепак, за вториот индикатор нема ажурирани податоци за претходните три години и оттука не може да се процени напредокот.  Овие податоци укажуваат на тоа дека, **сè уште оваа област има значителен простор за подобрување. Предизвик е и пристапот на ажурирани податоци за поставените индикатори, кои се делумно достапни, за одредени години.**

Планираните активности вклучуваат кампањи за сузбивање на родови стереотипи во рурални средини и организирање на меѓународни конференции со цел споделување на искуства и практики. Сепак, важно е да се напомене дека овие активности иако се значајни за јакнење на свеста, може да не бидат доволни за остварување на резултатите кои се од структурна природа, и се потребни структурни промени за унапредување на положбата на жените во земјоделството. Една од активностите со потенцијал за структурни промени е иницирањето на предлог-законски одредби за зголемување на бројот на жени сопственици на недвижен имот во кодификацијата на граѓанскиот законик, што сè уште не е реализирана. **Во следниот акциски план потребно е поинтензивно ангажирање за нивно комплетно исполнување.**

Со **резултатите 2.2.2 и 2.2.3, целта е да се намали неплатената работа што ја вршат жените во руралните средини и да се зголеми нивното учество во програмите за финансиска поддршка во земјоделството**. Овие резултати се значајни за унапредување на економската и социјална состојба на жените во руралните области, но проценката на нивната ефективност се соочува со значителни предизвици поради недостапноста на детални податоци и потешкотијата во мерење на поставените индикатори. Во рамки на овие резултати се испланирани четири активности, со делумна исполнетост.

Активноста за зголемување на социјалната поддршка за жените кои вршат земјоделска дејност во руралните средини е реализирана.  Владата успешно имплементираше Програма за поддршка за социјална сигурност со обезбедени средства од 4.000.000 денари во 2023 година, што овозможува значителни финансиски бенефиции за жените за време на мајчинство, а реализацијата е преку Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој.  Исто така е реализирана активноста Спроведување на Мерката 115 – Поддршка на активен женски член на земјоделско стопанство, во рамки на која во 2022 се поддржани 70 жени земјоделки со грантови до 6.000 евра, а истата мерка е овозможена и во 2023 година. Дополнително, реализирана е мерка за пристап на жената фармер до напредни технологии за наводнување. Мерка: Поврат на 80% на инвестицијата за инсталирање на приклучок за електрична енергија за напојување на системот за наводнување со електрична енергија за работа на пумпите за наводнување од бушотини. Проектот „Кон повеќе родово одговорни политики во земјоделството и руралниот развој“ активно работи на подобрување на информираноста и развој на политики што ги засилуваат правата и можностите за жените во оваа област, со фокус на земјоделската наука и практика.

За активноста насочена кон доделување на стипендии на ученици од земјоделско ветеринарна струка од вкупно 240, 150 се наменети за ветеринарни струки за 2024/2025 година, доделени се 96 од кои 39 се за девојчиња. За активноста доделување на стипендии за студенти запишани на ветеринарна и земјоделска струка, доделени се по 30 на ветеринарни и шумаркси насоки, иако интересот се намалува.

## 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот

**Специфичната цел 2.4** е насочена кон обезбедување на еднакво учество на жените во процесите на донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и јавниот живот во Република Северна Македонија. Оваа цел амбициозно тежнее кон достигнување на 50% застапеност на жени во највисоките нивоа на управување, вклучувајќи ги и Собранието и Владата. Постигнувањата и трендовите се претставени на табела 6.

*Табела 6: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.4.1; и 2.4.4*

| Резултати | Индикатори на ниво на резултат | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.4.1 Жените еднакво учествуваат во сферите на донесување одлуки на највисоките национални нивоа на управување (Заложба 50-50)** | Застапеност на жени во Собранието на Република Северна Македонија (%)[7] | 40% | 35,8% | 40,2% | | 39,1% | | Иницијатива за измени на изборно законодавство за постоечки квоти | не |
| | Застапеност на жени во Владата на Република Северна Македонија (%) | 15,0% | 16,7% | 16,7% | | | 11,6% | Доставување на предлози за зајакнување на позицијата на жените | |
| **2.4.4 Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите** | Сопственици/чки на ТВ и радиостаници, по пол, по сопственишто | | | | | | | | |
| | Сопственици на ТВ и РА | | 82[8] | 78 | 77 | 74 | 69 | Изработка на студии, анализи поврзани со претставување на родот и родовите прашања на ТВ и радио | да |
| | Сопственички на ТВ и РА | | 29 | 26 | 24 | 23 | 24 | | |

[7] https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__OdrzlivRazvoj__CeliNaOdrzlivRazvojCOR2030/225_OdrzRaz_Mk_SDG_05_Gender_ml.px/

[8] Бројот на радиодифузери секоја година се менува така што, податоците за 2020 година се однесуваат на 114 радија и телевизии; за 2021 на 110 телевизии и радија; за 2022 на 107 ТВ и РА, за 2023 година на 103 ТВ и РА, а за 2024 на вкупно 98 телевизии и радија. Некои од радиодифузерите се поседувани од правни лица. Во периодот 2020-2023, бројот на радиодифузери се намалил за 11, а бројот на сопственици се намалил за 14 физички и 4 правни лица односно, на крајот од 2023, во сопственоста имало 8 мажи и 6 жени помалку отколку во 2020.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уредници/чки, директор(к) и на медиуми и вработени новинар(к)и, по пол; | | | | | | Обезбедување родово разделени статистички податоци за сопственичка структура и структура на вработените на ТВ и радио<br>Објавување на одлуки по претставки на граѓани<br>Јавно презентирање на резултатите | да |
| Уредници | 101[9] | 103 | 100 | 93 | 87 | | |
| Директори | 75 | 78 | 67 | 63 | 57 | | |
| Новинари | 351 | 359 | 365 | 317 | 309 | | |
| Уреднички | 102 | 96 | 97 | 81 | 95 | | |
| Директорки | 30 | 22 | 22 | 22 | 20 | | |
| Новинари- **жени** | 507 | 509 | 500 | 476 | 444 | | |

*Извори: Државен Завод за статистика; ЦОР 5 Родова рамноправност; Публикација Жените и мажите во Северна Македонија; Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги публикација „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022)" и регистри на радија и телевизии.*

Во периодот од 2019 година до 2023 година, застапеноста на жени во Собранието покажа умерен пораст од 35,8% до 39,1%. И покрај одредениот напредок, овие постигнувања сè уште се далеку од поставената цел за 50% еднаквост. Повеќе загрижувачки е падот на застапеноста на жени во Владата, која од скромните 16,7% во 2021 година опаѓа на само 11,6% во 2024 година.

Отсуството на суштински напредок е уште поизразен поради нереализацијата на клучните активности кои би можеле да придонесат кон подобрување на оваа ситуација. Двете планирани активности, иницијативата за измени на изборното законодавство за воспоставување на квоти и доставувањето на предлози за засилување на позицијата на жените, не беа успешно спроведени. **Добро испланирани и навремено реализирани активности кои ќе придонесат кон унапредување на овој резултат се од критично значење за следниот Акциски план.**

Анализата на **резултат 2.4.4, кој се фокусира на зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите**, покажува ограничен напредок и знаци на родова сегрегација во секторот. Првиот индикатор, кој се однесува на бројот на сопственици на ТВ и радиостаници по пол, покажува намалување на бројот кај двата пола во 2024 година во споредба со 2020 година. Од вкупно 111 физички лица сопственици во 2020 година, 82 биле мажи и 29 жени. Во 2024 година, бројот се намалува на 24 жени и 69 мажи, што значи дека само 24,5% од сопствениците се жени. Слично, учеството на жените во управните позиции во медиумите исто така е ограничено. Во 2023 година, само 26% од директорите биле жени, што претставува благ пораст од 4 процентни поени во споредба со 2020 година. Значително подобрување се забележува кај уредниците на медиуми, каде учеството на жени е зголемено на 52% во 2023 година од 48% во 2020 година, што укажува на некои обиди за подобрување, иако рамноправноста сè уште не е целосно остварена.

Најголемо учество од 60% на жените се забележува во позицијата новинари, со стабилно учество низ годините. Ова укажува на **потенцијална вертикална родова сегрегација** каде жените

[9] Кога се разгледува намалувањето на вработените мажи и жени во периодот 2019 – 2023, треба да се има предвид дека во текот на овие години и бројот на радиодифузерите се намалувал.

преовладуваат во помалку платени и пониски (извршни) работни позиции, додека во истото време се значително помалку застапени на високи раководни позиции во медиумската индустрија.

**Активностите** кои придонесуваат кон овој резултат се исполнети. Активностите кои се однесуваат на изработката на студии и анализи поврзани со претставување на родот и родовите прашања во медиумите се реализирани[10]. Ова вклучува собирање и анализа на податоци кои ги оценуваат тековните состојби и трендови во рамките на медиумските организации. Податоците собрани од овие студии се важни за разбирање на родовата структура и можат да помогнат во креирање на политики кои целат кон зголемување на рамноправноста и намалување на родовата сегрегација. Понатаму, успешно се обезбедени родово разделени статистички податоци за сопственичката структура и структурата на вработените на ТВ и радио[11]. Оваа транспарентност овозможува поголема јавна одговорност и детален увид во родовите динамики во медиумите, што е клучно за промоција на рамноправноста. Исто така, активностите вклучуваат и објавување на одлуки по претставки на граѓани[12] и јавно презентирање на резултатите од анализите[13]. Ова не само што го зголемува нивото на информираност меѓу граѓаните, туку има и потенцијал да ги поттикне медиумските куќи да бидат поотворени и одговорни кон родовата еднаквост.

Сепак, важно е да се истакне дека и покрај овие активности, вертикалната родовата сегрегација сè уште постои, каде што жените се често сконцентрирани во пониски и помалку платени позиции, додека мажите доминираат во раководните позиции. Ова упатува на потребата од понатамошни активности и мерки кои ќе адресираат овие нееднаквости на посистематски и долгорочен начин.

## 2.6: Родово сензитивни образование и наука

**Специфичната цел 2.6** се однесува на родово сензитивно образование и наука, со особен акцент на зајакнување на положбата на маргинализирани групи и зголемување на нивната застапеност и задржување во образовниот систем. Оваа цел обединува неколку стратегиски насоки и активности насочени кон спречување на предвремено напуштање на училиштата, поддршка на образованието

[10] Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: „Родот во медиумите 2023: Истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство на националните телевизии“, „Истражување – Анализи на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2022 година“, „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии“, „Родот во изборната кампања 2020: Анализа на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во изборното медиумско претставување на националните телевизии“.

[11] „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022)“, „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?“, „Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година“.

[12] Сите пристигнати претставки, заедно со одговорите и известувањата до инволвираните страни, АВМУ ги објавува во анонимизирана форма на својата веб страница на линкот: https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/

[13] Резултатите од анализите вообичаено се презентираат на некој од јавните состаноци на АВМУ, како што е случајот со: Прв јавен состанок за 2024: Родово заснованото насилство на националните телевизии во фокусот на првиот јавен состанок на АВМУ, Трет јавен состанок за 2024: Родовата (не)рамнотежа во сопственичката и кадровската структура во радиодифузијата, Родот во забавната ТВ програма во фокусот на првиот јавен состанок на АВМУ во 2023, Родот во спортската ТВ програма во фокусот на првиот јавен состанок на АВМУ во 2022, Четврти состанок на АВМУ за 2022: Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година.

за возрасни, промоција на родова еднаквост во научните истражувања и имплементација на сеопфатно сексуално образование.

За **резултатот 2.6.1 од специфичната цел 2.6, која се фокусира на зголемување на вклученоста и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализирани заедници**, има значајни податоци кои укажуваат на прогресот и предизвиците во исполнувањето на целите (табела 7).

*Табела 7: Индикатори на ниво на резултат 2.6.1 Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници*

| Индикатори на ниво на резултат | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лица што напуштиле образование, по пол, по етничка припадност (Роми, мажи) | | 300 | 199 | 386 | 236 | Креирање на мерки за зајакнување на училиштата и училишните служби за препознавање и постапување во случај на можност за предвремено напуштање на образование | да |
| Лица што напуштиле образование, по пол, по етничка припадност (Роми, жени) | | 221 | 232 | 308 | 294 | | |
| Број на живородени деца од мајки под 15 години, Вкупно по општини[14] | 13 | 15 | 12 | 10 | | | |
| Број на живородени деца од мајки на возраст од 15 до 19 години, вкупно по општини[15] | 917 | 791 | 705 | 584 | | | |
| Број на малолетнички бракови склучени на возраст од 16 до 18 години[16] | 111 | 131 | 116 | 112 | | Креирање на мерки за поттикнување на девојчиња и на нивните родители за завршување на средно училиште | да |

*Извор: Државен Завод за статистика, Министерство за Образование*

За индикаторот лица кои го напуштиле образованието, по пол, по етничка припадност имаме податок само за Роми. Резултатите покажуваат променлива тенденција од година во година, особено кај момчињата, додека кај девојчињата забележано е зголемено напуштање на образованието во 2024 година (294) споредено со 2021(221) година.

Позитивна тенденција има кај индикаторот намалувањето на бројот на малолетнички бракови од 131 во 2021 на 112 во 2024 година што укажува дека има напредок во спречувањето на оваа практика, што може да е позитивен знак за подигање на свесноста и активности што ги намалуваат

---

14 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__Vitalna/175_VitStat_Op_RodMajka_ml.px/table/tableViewLayout2/

15 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__Vitalna/175_VitStat_Op_RodMajka_ml.px/table/tableViewLayout2/

16 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__VencaniRazvedeni/280_VitStat_Brak_voz_ml.px/

овие случаи. Сепак, овој напредок може да се оцени како умерен и почетна фаза, а вкупните промени не можеме да ги препишеме само на преземените активности, туку и на надворешни и други фактори кои во моментот не ни се анализирани. Оттука, напорите за понатамошно унапредување на овој резултат треба да продолжат.

Слично, за бројот на живородени деца од мајки од возраст од 15 до 19 години, анализата покажува забележителен пад во бројот на живородени од оваа возрасна група низ годините на национално ниво. Од 917 случаи во 2020 година, бројот падна на 584 во 2023 година, што е значително намалување. Овој тренд сугерира дека можеби има подобрување во образованието, пристапот до здравствени услуги или социјалните кампањи кои можат да влијаат на оваа промена. Анализата пак по општини идентификува дека Шуто Оризари се издвојува со највисок број на случаи секоја година, со максимум од 87 случаи во 2020 година, кој потоа опаѓа на 39 во 2023 година. Општините Струмица и Прилеп исто така покажуваат повисоки вредности, со Струмица од 68 во 2019 на 58 во 2023 и Прилеп од 58 на 42 за истиот период. Сличен е трендот и кај индикаторот за живородени деца од мајки под 15 години по општини, кој има тенденција на пад од 17 во 2021 на 14 во 2023 година. Сепак, Ако се фокусираме на општините каде што има најмногу случаи, може да се забележи дека општина Шуто Оризари конзистентно има висок број на живородени од мајки под 15 години, со 6 случаи во 2020 година, како и општините Прилеп и Струмица. Но, во 2023 година, во Шуто Оризари нема идентификуван случај, што е позитивна промена.

**Активностите** од Стратегијата кои се планирани да придонесат кон овој резултат вклучуваат креирање мерки за зајакнување на училиштата и училишните служби за препознавање и постапување во случај на можност за предвремено напуштање на образование. Двете активности се реализирани со ангажирање на 35 ромски образовани медијатори од 26 општини. Овие податоци укажуваат на тоа дека **кај овој резултат има значаен прогрес**, и веројатно активностите дале значаен придонес. Сепак, и покрај општото намалување, **сè уште постојат области каде што потребно е поинтензивно да се работи на спречување на раните бремености, особено со таргетирани акции во најзасегнатите општини.**

**Анализата за резултат 2.6.2** која цели да придонесе кон (до)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и нивната поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за стекнување квалификации, покажува варијабилност во бројките на жени што го завршиле основното образование од година во година. Набљудуваните податоци покажуваат пад од 313 во 2020 година на 281 во 2023 година (табела 8). За жал, за индикаторот за број на жени Ромки вклучени во обуки според верификувани програми за стекнување квалификации нема достапни податоци, што остава простор за прашања околу ефикасноста и досегот на ваквите обуки.

Од друга страна, финансиската поддршка на образование за возрасни Роми кои немаат комплетирано основно или средно образование е критична планирана **активност** за која нема достапни податоци за исполнетоста. **Целосна реализација и зајакнување на активностите се неопходни во овој резултат за унапредување на состојбата кај овој резултат.**

*Табела 8: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.6.2; и 2.6.3*

| Резултати | Индикатори на ниво на резултат | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.6.2 (До)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за стекнување квалификации, со цел зголемен пристап до пазарот на труд | Број на возрасни жени Ромки што завршиле основно образование | 313 | 306 | 314 | 281 | Финансиска поддршка на образование на возрасни Роми кои немаат комплетирано основно или средно образование | не |
| | Број на жени Ромки вклучени во обуки според верификувани програми за стекнување квалификации | | | | | | |
| 2.6.3 Промовиран принцип за родова еднаквост во научноистражувачка дејност | Дипломирани студенти, по пол, по струка[17] | | | | | Доделување стипендии за студенти Роми. | да |
| | **Доктори на науки, по пол, по струка вкупно, мажи** | | **86** | **98** | **83** | | |
| | Образование | | 2 | 3 | 2 | | |
| | Уметност и хуманистички науки | | 8 | 6 | 5 | | |
| | Општествени науки,новинарство и информирање | | 13 | 9 | 15 | | |
| | Бизнис,админиатрација и право | | 15 | 19 | 21 | | |
| | Природни науки,математика и статистика | | 1 | 3 | 4 | | |
| | Информатичко-комуникациски технологии(ИКТ) | | 3 | 11 | 11 | | |
| | Инженерство,производство и градежништво | | 12 | 7 | 4 | | |
| | Земјоделство,шумарство,рибарство и ветерина | | 3 | - | 1 | | |
| | Здравство и социјална заштита | | 22 | 28 | 11 | | |
| | Услуги | | 7 | 12 | 9 | | |
| | **Доктори на науки, по пол, по струка, вкупно жени** | | **115** | **99** | **91** | | |
| | Образование | | 5 | 6 | 7 | | |
| | Уметност и хуманистички науки | | 15 | 12 | 16 | | |
| | Општествени науки,новинарство и информирање | | 22 | 11 | 9 | | |

17 https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__VisokoObrazovanie__DipolmiraniStudenti/185_VsObr_RM_T1_ml.px/table/tableViewLayout2/

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Бизнис,админиатрација и право | | 17 | 16 | 18 |
| | Природни науки,математика и статистика | | 4 | 6 | 3 |
| | Информатичко-комуникациски технологии(ИКТ) | | 10 | 5 | 2 |
| | Инженерство,производство и градежништво | | 6 | 7 | 6 |
| | Земјоделство,шумарство,рибарство и ветерина | | 1 | - | 2 |
| | Здравство и социјална заштита | | 25 | 33 | 25 |
| | Услуги | | 10 | 3 | 3 |
| | Професори во високо образование, по пол, по сениорност **мажи** | 1227 | 1249 | 1248 | 1289 |
| | Професори во високо образование, по пол, по сениорност **жени** | 1025 | 1037 | 1074 | 1144 |
| | - Објавени научни трудови, по пол | | | | |
| | Носители на проекти, по пол | | | | |

*Извор: Државен Завод за статистика*

**Резултатот 2.6.3**, кој се фокусира кон промовирање на принципите за родова еднаквост во научноистражувачката дејност, е анализиран низ неколку индикатори, анализирани во продолжение.

Индикаторот за дипломирани студенти по пол покажува конзистентен тренд низ годините, со малку или без значителни осцилации. Анализата по пол укажува дека жените се значително повеќе застапени од мажите, со разлика од 30% до 50%, што е позитивен показател. Иако кај мажите е забележана стагнација и опаѓање во одредени години, кај жените постои стабилен и нагорен тренд, особено забележлив во 2021 и 2023 година. Покрај тоа, и понатаму е изразена хоризонталната сегрегација, со доминантност на жените во областите како образование, медицина и економија, каде бројот на дипломирани жени е до три пати поголемо од бројот на мажи. Истовремено, поголема сконцентрираност на дипломирани мажи има во информатички и технички науки. Па така, повеќе мажи се дипломирани во информатички и технички науки.  Во последните три години (2021-2023), учеството на дипломирани жени во овие области достигнало до 46% во 2023 година, со враќање на просекот од 2019 и 2020 година после падот од 38% во 2021 година и 40% во 2020 година.

Индикаторот за доктори на наука илустрира сличен тренд. Бројот на доктори на наука е релативно стабилен, околу 200, со благ пад во 2023 година (174), што во моментот не мора да имплицира некакви значајни заклучоци. Од аспект на пол, жените се застапени со повеќе од 50%, при што процентот варира од 52% до 57%. Слично како и кај другите индикатори, хоризонталната сегрегација која почнува уште со изборот на високо образование се продолжува и во академската кариера, што дополнително влијае на кариерното сегрегирање. Жените доктори на наука

преовладуваат во здравството и социјалната заштита, како и во уметностите, додека мажите се повеќе застапени во ИКТ и инженерството.

Податоците за професорите во високото образование по пол покажуваат тренд на раст на бројот на жени, од 958 во 2019 до 1144 во 2023 година, додека бројот на машки професори останува стабилен. Овој тренд може да укажува на подобрување на вертикалната репрезентација на жените во академскиот свет, што веројатно е резултат на зголемени напори за подобрување на застапеноста и еднаквите можности во академските кругови.

Сепак, **не може директно да се поврзат овие трендови со активностите спроведени преку НАПРЕ, бидејќи единствената активност поврзана со овој индикатор била доделувањето на стипендии за студенти Роми**. Активноста за доделување стипендии за студенти Роми, особено во контекст на дипломирани Роми, игра критична улога во зголемувањето на достапноста и поддршката за високо образование меѓу оваа маргинализирана група. Во рамките на спроведените мерки, се доделени вкупно 920 стипендии за средношколци Роми, од кои 503 се наменети за девојчиња, што укажува на заложба за подобрување на образовниот статус на Ромките. Понатаму, за студенти Роми се доделени 135 стипендии, од кои 71 се доделени на студентки Ромки, потенцирајќи дека вложувањето во женскиот дел од оваа заедница е од суштинско значење за нивната еманципација и професионален развој. Оваа активност придонесува кон создавање на поволни услови за образование на Роми, со што се обезбедува засилен пристап до пазарот на труд и се зголемуваат можности за поквалитетен живот. Сепак анализата на резултатите покажуваат опаѓање на бројот на дипломирани Роми, со вкупно намалување на бројката до 17 во 2023 година, од 33 во 2021 и 22 во 2020 година. Структурата по пол при оваа група варира, со учество што се движи од 40% до 70%.

**Во активностите за следниот период активностите да бидат усогласени со поставените цели.** Исто така, да се води сметка за достапноста до податоци за следење на поставените индикатори. Кај еден дел од поставените индикатори (објавени научни трудови, по пол; носители на проекти, по пол; како и оние за запишани и очекувања за работа во ИКТ) или не постои соодветен податок, извор на податоци или е комплексно да бидат собрани. **Оттука, да се посвети внимание на мерливоста на поставените индикатори.**

**Резултатот 2.6.5 цели кон целосно воспоставено сеопфатно сексуално образование.** За ефективно мерење на постигнувањата определени се два индикатори: опфат на ССО по број на училишта во различни општини, број на обучени наставници за ССО според пол и општина. Важно е да се истакне дека конкретни податоци се достапни само за бројот на обучени наставници, каде што биле обучени 42 наставници од општините: Центар, Кавдарци, Теарце, Боговиње, Брвеница, Јегуновце и Тетово, со доминантно учество на женски кадар.

Меѓу активностите што се реализирани во рамките на овој резултат се обуки за наставници и стручни работници за спроведување на изборниот предмет ССО во деветто одделение, евалуацијата на пилот-програмата за ССО и средби. Во периодот јануари-јуни 2022 година, извршено е истражување за промената на ставовите на наставниците кон воведувањето на сеопфатното сексуално образование. Ова истражување потврди дека наставниците покажаа значителна поддршка за воведување на такви содржини во наставниот процес. Дополнително, во 2023 година, во соработка со Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА, беа организирани три средби со наставници и родители во Кавадарци, Центар – Скопје и Гостивар за промоција на сеопфатното сексуално образование како изборен предмет. Додека во 2024 година

има средби за сензибилизација на наставниците. Сепак, активноста за „Подготовка на Национална Стратегија за ССО 2022-2030“ остана нереализирана. Националната Стратегија е подготвена, но не е формално усвоена.

## 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност)

**Специфичната цел 2.7 се фокусира на унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување на позитивен мир**, со особен фокус на жените во областа на одбраната и нивната улога во процесите на донесување одлуки. Трендовите и постигнувањата се претставени во табела 9.

*Табела 9: Индикатори и исполнетост на активности за Резултати 2.7.1; и 2.7.2*

| Резултати | Индикатори на ниво на резултат | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.7.1 Зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесувањe одлуки | Вработени во одбрана, по пол, по работни позиции, по категории (Вработени во МО, жени) | 45% | 47% | 47% | 48% | семинари/работилници за промоција<br>-јавни кампањи, јавни дебати, изготвување видео/аудио/печатени материјали | да |
| | % **жени** во армијата | | 10,80 % | 11,23 % | 11,99 % | | |
| | Вработени во одбрана, по пол, по работни позиции, по категории (Вработени во МО, мажи) | 55% | 53% | 53% | 52% | Активности за поттикнување на вклучување на девојчиња во образование за вработување во областа на безбедноста и мирот | да |
| | Адмнистративни службеници категорија Б (раководен кадар) жени | 48% | 48% | 49% | 54% | | |
| | Адмнистративни службеници категорија Б (раководен кадар) мажи | 52% | 52% | 51% | 46% | | |
| | Вработени во АРМ (мажи) | 89% | 89% | 89% | 88% | | |
| | Посетени обуки, жени | 252 | 201 | 242 | 95 | | |
| | Посетени обуки, мажи | 313 | 443 | 433 | 274 | | |
| 2.7.2 Родово сензитивен персонал во одбраната, надворешната политика и внатрешните работи | - Достапност на издвоени и интегрирани образовни програми/модули, по институција | да | | | | Поттикнување на еднакво учество на обуките и за мажи и за жени во одбраната | да |
| | - Воведена посебна тема за родова еднаквост во обуки | | | | | | |
| | Вработени што поминале обуки за родова еднаквост, по пол, по институција | | | | | | |

*Извор: Министерство за одбрана*

**Резултат 2.7.1** е фокусиран на зголемување на учеството на жени во областа на одбраната, особено на позиции каде што се донесуваат одлуки. Овој резултат е мерен со неколку индикатори кои ги следат процентите на жени и мажи на различни позиции во одбраната и војската. Резултатите покажуваат **значителен напредок** кон зголемување на бројот на жени на клучни позиции во областа

на одбраната. Трите индикатори покажуваат, зголемување на учеството на жените во одбраната. Од 2020 до 2024 година, процентот на жени во армијата постепено расте од 10.8% до 11.99%. Исто така и учеството на жени во МО забележува стабилен раст од 45% во 2020 до 48% во 2024 година, што укажува на успешно воведување на мерки за зголемување на родовата еднаквост во секторот за одбрана. Значаен раст е постигнат кај административните службеници во категорија Б (раководен кадар), од 48% во 2020 до 54% во 2024 година, што покажува дека политиките за рамноправност се реализираат успешно и дека жените полека заземаат повеќе лидерски улоги во одбраната.

Паралелно на овие постигнувања, **двете планирани активности што придонесуваат кон реализација на резултат 2.7.1 се успешно реализирани**. Во рамките на активностите за промоција, кои вклучуваат семинари, работилници, јавни кампањи, дебати и изработка на видео, аудио и печатени материјали, Министерството за одбрана изработи 4000 флаери и 380 плакати. Информации за можности за вработување во војската и родова еднаквост се активно споделуваат на официјалната веб-страница на Министерството и преку социјални мрежи како Facebook и Twitter/X. Во рамки на активностите за охрабрување на девојчињата да се образуваат и вработат во областите на безбедноста и мирот, се спроведуваат непрекинати напори за популаризација на воената професија. Во 2022 година, посетени се 99 средни училишта со учество на 6,086 ученици, додека во 2023 година посетени се 98 средни училишта со вкупно 6116 ученици. Презентациите беа одржани од родово избалансирани тимови на презентери, со состав од 69% момчиња и 31% девојчиња, во 2022 година и 52,17% момчиња и 47,83% девојчиња . Стратегијата за подобрување на родовата еднаквост во секторот на одбраната ефикасно го засилува присуството и улогата на жените во оваа традиционално машки доминирана сфера.

**Резултат 2.7.2** се фокусира на развојот на родово сензитивен персонал во одбраната, надворешната политика и внатрешните работи, преку различни активности и мерки за обезбедување на континуирано учество и обука на персоналот. Во рамки на овие напори, се реализирани обуки од различни области кои биле посетени од голем број вработени, со доминантно учество на мажи (1463, за период 2021-2024) во споредба со жените (790, за истиот период).

Покрај тоа, Министерството за одбрана има развиено онлајн курс за родова еднаквост и располага со база од 27 родово обучени инструктори, од кои 18 се жени, што покажува значителен напредок во однос на 2021 година кога имало 21 обучувач. Оваа статистика укажува на зголемена свесност и прифаќање на родова еднаквост во сферите на одбраната. Со тоа, планираните активности во рамки на овој резултат се целосно исполнети.

Дополнително, во 2022 и 2023 година, реализирани се родови обуки кои го вклучуваат персоналот од различни нивоа и сектори, со 508 учесници, од кои 64% биле мажи и 36% жени, што укажува на продолжен ангажман на Министерството да обезбеди родова избалансираност во учеството. На овие обуки, темите се фокусираат на важноста на родовата еднаквост, што придонесува кон подобро разбирање и имплементација на родови политики во рамките на одбраната и сигурноста.

## 2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност

**Специфичната цел 2.8** се фокусира на **подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоцијата на родовата перспектива во областа на социјалната сигурност**.

**Резултатот 2.8.1** особено се посветува на воспоставување и унапредување на специфични мерки наменети за ранливи категории жени и лица со различни родови идентитети, со посебно внимание кон интерсекционалност. **Има една планирана активност во рамки на овој резултат и истата успешно се имплементира.** Во текот на 2021 година биле реализирани три воспоставени специјализирани сервиси за жртви на родово базирано насилство (РБН) и семејно насилство (СН) во 8 Плански Региони на територијата на Република Северна Македонија. Потоа се воспоставени уште 4.. Овие сервиси се дизајнирани да обезбедат поддршка и заштита на жртвите и се клучни за унапредување на социјалната сигурност на жените. Иако сервисите се воспоставени, сè уште не се целосно усогласени со меѓународните стандарди, што укажува на потреба за понатамошни усогласувања и унапредувања. Планирано е во иднина да се работи на нивното дополнително усогласување и подобрување за да се обезбеди целосно согласување со стандардите.

Овие активности се важен дел од широките напори на земјата за подобрување на родовата еднаквост и заштита на жртвите на насилство, што е од клучно значење за зајакнување на социјалната кохезија и обезбедување на безбедна и поддржувачка средина за сите граѓани.

За вториот индикатор на ниво на резултат, опфат (%) на жени со мерки насочени кон ранливи категории, нема расположливи податоци**. Да се идентификува можноста за собирање на овие информации, или промена на индикаторот.**

## 2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи

**Специфичната цел 2.9** се фокусира на **обезбедување еднаков пристап до правда за сите жени и мажи, со особен акцент на ранливите категории жени**.

**Резултат 2.9.1** цели кон имплементација на закони, мерки и политики кои ќе овозможат овој еднаков пристап. Анализата на податоците за искористување на бесплатната правна помош (БПП) покажува значителен раст во нивното користење, со скоро дуплирање на вкупниот број корисници од 3,068 во 2021 до 5,448 во 2023 година (табела 10). Во овој контекст, бројот на жени кои користеле БПП во 2023 година достигнал 2,764, што е зголемување од 1,580 во 2021 година. Трендот на зголемување е забележан и кај мажите, со стабилност во користењето на услугата во 2023 година. Ова укажува на успешно спроведување на мерките и политиките кои целат кон зголемување на достапноста на правна помош за жени од ранливите категории.

*Табела 10: Постигнување според индикатори на ниво на Резултат 2.9.1, и исполнетост на активности.*

| Индикатори на ниво на резултат | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Активности (НАПРЕ 2022-2024) | Исполнетост на активности |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опфат (%) на лица што искористиле БПП, по пол, по родов идентитет, врз основа на барање | | | | | | Подготовка, објавување и дистрибуција на | да |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на лица кои добиле БПП - **мажи** | 1.279 | 1.481 | 3.105 | 2.684 | | информативни брошури |
| Број на лица кои добиле БПП - **жени** | 1.407 | 1.580 | 2.741 | 2.764 | | Спроведување на обуки за давателите на БПП за препознавање и овозможување на пристап до бесплатна правна помош |

*Извор: Министерство за правда: Годишен Извештај за примената на законот з абесплатна правна помош*

**Планираните активности** за подготовка, објавување и дистрибуција на информативни брошури, како и спроведувањето на обуки за давателите на бесплатна правна помош (БПП), **се успешно реализирани**. Во текот на 2023 година, во организација на Програмската канцеларија на Советот на Европа беа одржани обуки за адвокати, со фокус на постапување со деца и случаи на семејно и родово базирано насилство. Потоа, тридневна обука за 50 вработени од подрачните одделенија на Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Центрите за социјална работа, насочена кон обезбедување на пристап до правда во случаи на домашно и родово базирано насилство, како и случаи со деца. И одржани обуки за студенти од правните клиники кои се регистрирани за давање на БПП, што дополнително ја зголемува капацитетот за пружање на оваа важна услуга.

## 2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот

**Специфичната цел 2.10** цели кон **унапредување на родовата еднаквост во спортот**, со акцент на **резултат 2.10.1** зголемување на учеството на жени и девојчиња во рекреативни и професионални спортски активности преку имплементација на соодветни програми и стимулативни мерки.

За жал, за индикаторите на ниво на резултат, како што се лицата што се занимаваат со спорт и времето на изнајмување спортски терени, нема достапни податоци за да се процени постигнувањето на овие цели. Сепак, од квалитативната оценка од надлежните институции укажуваат на значителни напори и реализација во подобрувањето на пристапот и учеството на жени и девојчиња во различни категории на спортот. Забележано е формирање на нови спортско-рекреативни клубови со членови од различни возрасти и различни степени на ранливост, вклучувајќи деца, адолесценти, лица од трета доба, бремени жени, како и лица со различен степен на инвалидитет. Овие клубови воведуваат посебни програми кои се насочени кон промоција на физичката активност и подобрување на здравствената состојба на своите членови, придонесувајќи кон општата цел за родова еднаквост во спортот. Исто така, организираат рекреативни натпревари кои дополнително го зголемуваат нивниот придонес кон општеството. Иако точниот број на клубовите и членовите не е утврден поради недостаток на ажуриран систем за следење, забележано е и дека се одржува состојбата на учеството на жените во националниот систем на спортски клубови на стабилно ниво, со формирање на нови клубови кои носат ознаката "Женски спортски клуб", што укажува на напредок кон зацврстување на родовата еднаквост во оваа област.

**Активностите кои биле планирани за периодот 2022-2024 се успешно реализирани**. Беа организирани работилници за Родово одговорно буџетирање, со цел да се вклучат официјални

лица од спортските клубови и националните спортски федерации, за обезбедување на посебни програми за вклучување на поголем број на поранешни спортистки. Доделување стипендии , од вкупно 500 стипендии што се доделуваат годишно, во 2023 година биле доделени вкупно 195 стипендии за девојчиња во различни спортови, што претставува поддршката за учество на девојчиња во спортот. Во апсолутен број, состојбата на доделени стипендии на девојчиња е иста споредено со 2020/2021 и 2021/2022, кога се доделени 196 и 197 стипендии, соодветно. Сепак, како учество во вкупниот број, има намалуање во 2022/2023 од 64% во 2021 и 2022 на 39%, доделени стипендии на девојчиња.

Понатаму, предложена е нова програма која ќе се фокусира на родовата еднаквост во спортот. Оваа програма е дел од Програмата за распределба на средства од игри на среќа за 2023 година и цели кон финансирање на проекти на националните спортски федерации кои поддржуваат жените во спортот.

Во следниот период, **да се унапреди системот за собирање информации, да се прилагодат индикаторите согласно можноста за мерливост и собирање**, и да се продолжи со мерки кои ќе поттикнуваат активно учество на девојчиња и жени во спортски активности.

## 2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата

**Специфичната цел 2.11** е насочена кон **унапредување на родовата еднаквост во културата**. Преку различни активности, целта е да се зајакне учеството и видливоста на жените во културните проекти и да се истакнат родовите прашања во културните настани и издаваштвото.

За **резултатот 2.11.1**, кој се фокусира на **зголемено учество на жени во проекти на полето на културата**, беа организирани годишни конкурси кои содржат родово сензитивни теми. Во категоријата интердисциплинарни проекти, вкупно 70 проекти беа поддржани, од кои 24 беа водени од жени, со распределен буџет од 8.050.000 денари. За родово сензитивни проекти, 6 проекти беа поддржани со вкупен буџет од 3.300.000 денари. Квантитативни податоци на ниво на резултат за овој индикатор не се достапни.

Под **резултат 2.11.2**, кој се однесува на поголема видливост на родовите прашања во културните настани, беа планирани активности како изготвување на анализи за користење на просторот во културни институции фокусирани на род и родови идентитети. Овие активности **не беа спроведени согласно планираното.**

За **резултат 2.11.3**, активноста за креирањето на родово поделена база на податоци за апликанти и добитници на финансиска поддршка беше успешно реализирана, со воведување на родова статистика во резултатите од конкурсите. Ова дозволи поефикасно промовирање и поддршка на женски автори и преводи на дела од странски авторки.

Сепак, недостапноста на  квантитативен податок за проценка на напредокот за сите индикатори, ја ограничува деталната оценка на постигнувањата по целите, а претставува и предизвик за дизајн на активности за следниот период. **Препорака е во претстојниот период да се работи на собирање податоци, и јасно идентификување на мерливи индикатори на ниво на резултат.**

## Стратешка цел 3: Сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет

Стратешката цел 3 се фокусира на две клучни цели за периодот на евлауација: спречување и борба против родово базирано насилство, и сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот во различни сфери на општеството, вклучително и во медиумите (Табела 3). Преку ревизија на закони, спроведување обуки и ажурирање на образовните програми, овие активности целат да ја зајакнат институционалната подготвеност и да обезбедат подобрена заштита и поддршка за жртви на насилство, како и да ја зголемат свесноста и да промовираат родова еднаквост на сите нивоа во општеството.

*Табела 11: Специфични цели, резултати и исполнетост на активности од Стратешка цел 3*

| **Исполнетост на активности и број на активности** | **8** | **2** |
|---|---|---|
| **Специфична цел, резултати и соодветни активности** | Да | во тек |
| **3.1: Спречување и борба против родово базирано насилство** | | |
| *3.1.1 Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување* | | |
| Подготовка на евалуациски извештај за Акцискиот план за имплементација на Истанбулската конвенција 2018-2023 | 1 | |
| Подготовка на Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жени и семејно насилство 2024-2031 со Акциски план за спроведување | | 1 |
| Усвоени измени и дополнување на кривични дела согласно ИК | 1 | |
| *3.1.2 Достапни родоворазделени податоци за сите форми на РБН* | | |
| Спроведување на национално истражување за состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство. | 1 | |
| *3.1.3 Унапреден институционален одговор за превенција и заштита од РБН, особено на полицијата и правосудството* | | |
| Спроведување континуирани основни и напредни обуки на полициски службеници од МВР на централно и регионално ниво за примена на индикатори и проактивни методи за рано откривање и идентификација на потенцијална жртва и жртва на трговија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените и девојчињата жртви.<br><br>Ажурирање на модули за обука и организирање мултидисциплинарни обуки на персоналот вклучен во Центар за жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци за работа со жртви на трговија со луѓе и ранливи категории под висок ризик од трговија со луѓе.<br><br>Креирање и вклучување на модули за родова еднаквост и преземање мерки и активности во врска со семејно насилство во програмата за основна обука за полицаец. | 1 | |
| **3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост** | | |
| *3.2.1 Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги* | | |
| Годишни анализи за третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и на мачите во програмите на радиодифузерите. | 1 | |

| | |
|---|---|
| Периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење говор на омраза | |
| Измени во закон за медиуми - усогласување на член 4 од ЗМ со член 48 од ЗААВМУ<br><br>Објавување на информации за дејствијата преземени против дискриминаторската содржина во медиумите | 1 |
| Обуки за новинари и медиумски работници за препознавање и реакција на сексистички говор на омраза, со мерење на стекнати знаења | 1 |
| Препораки за унапредување на законска рамка или за програми за дејствување во однос на медиумите<br>Објавување релевантни документи во однос на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, на сајтот на АВМУ | 1 |
| *3.2.5 Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности* | |
| Годишни анализи за изразувањето и ставовите на уредниците, новинарите и гостите во ТВ и радио, и периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење на говор на омраза . | 1 |

## 3.1: Спречување и борба против родово базирано насилство

**Специфичната цел 3.1** е фокусирана на **спречување и борба против родово базирано насилство (РБН), со цел да се постигне поголема усогласеност со Истанбулската конвенција. Резултат 3.1.1** нагласува потребата за целосно вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување во националното законодавство. Две од трите планирани **активности** од овој резултат се реализирани, и една е во тек. До моментот, законодавството е 74% усогласено со стандардите на Конвенцијата, и во тек е подготовката на Националната стратегија за превенција и заштита од РБН врз жени и семејно насилство за периодот 2024-2031, вклучувајќи и акциски план за спроведување. Покрај тоа, изготвен е и евалуациски извештај за спроведувањето на тековниот акциски план до 2023, и направени се измени и дополнувања на Кривичниот законик во согласност со Истанбулската конвенција.

**Резултат 3.1.2** се фокусира на **воспоставување систем за систематско собирање и анализа на родово разделени податоци за сите форми на родово базирано насилство (РБН).** Успешно се донесени два подзаконски акти кои ја регулираат содржината и начинот на собирање податоци во судовите и јавните обвинителства. Подготвена е Нацрт-верзија на Правилникот за формат, содржина и метод на интегрирано собирање на статистички и административни податоци за состојбата со родово базираното насилство врз жените и семејното насилство. Единствената **активност** која треба да придонесе кон реализација на овој резултат **е реализирана**, спроведено е национално истражување за состојбата со РБН врз жените, при што податоците се однесуваат исклучиво на жени, во согласност со методологијата на Евростат.

**Резултат 3.1.3** е насочен кон **унапредување на институционалниот одговор за превенција и заштита од родово базирано насилство (РБН),** со особено внимание кон активностите на полицијата и правосудството. Според анализата на индикаторите, резултатите покажуваат дека во голема мера има постигнат напредок. Индикаторот „воспоставен е систем за редовни обуки на вработените во институциите“, бирото за јавна безбедност води родово-разделени статистички податоци за стручни усовршувања. Спроведени се редовни обуки и ажурирани модули за почетна обука, кои содржат сегменти за родова еднаквост и справување со случаи на семејно и родово

базирано насилство. Обуките се наменети за полицајци и други професионалци, вклучувајќи и специфични сесии за рано откривање и постапување со жртви на трговија со луѓе. Темите на обуките варираат од година во година, со зголемување на бројот на обуки и учесници. Главно обуките се фокусирани на подигање на свеста за родово базирано насилство и семејно насилство. Вкупно има 26 реализирани обуки. Една во Центрите за социјална работа во 2021 година (со 54 учесници), и 25 во МВР, од кои 11 се реализирани во 2024 година (198 учесници). Истовремено, во 2022 година, со обуки се обучени 45 сертифицирани обучувачи за основна и напредна обука, кои ќе продолжат да ги обучуваат сите професионалци во своите институции и организации (МСПДМ,МВР, МЗ, МП). Доминантно на овие обуки учествуваат жени (во 2024 година, 90% се жени).

Во однос на индикаторот број на случаи по кои постапувале МВР и Основното Јавно Обвинителство (ОЈО) во однос на сексуално вознемирување и демнење на интернет, податоци има за 2023 и 2024 година и резултатите покажуваат нагорен тренд на постапување. Во 2024 година има 15 постапувања, од кои 11 за демнење преку интернет, и има пораст во споредба со 11, од кои 9 за дмнење во 2023 година. Ова е позитивен прогрес, во однос на имплементација на КЗ по основ на демнење.

### 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост

**Специфичната цел 3.2** е фокусирана на сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот, како и на промовирање на еднаквост низ различни аспекти на општествениот живот, вклучувајќи работните места, спортот, медиумите и пристапот до добра и услуги. Основната цел е да се зајакне свеста и да се подобри реагирањето на институциите и јавноста кон сексизмот и сексистичкиот говор на омраза, поддржувајќи со тоа култура на почитување и вклучивост.

**Резултат 3.2.1** се стреми кон воспоставување на нулта толеранција кон сексизам и сексистички говор на омраза на сите нивоа. Ова ги вклучува мерките за примена на меѓународни стандарди во борбата против сексизмот, развојот и имплементацијата на упатства за реагирање во случаи на родова дискриминација или на сексистички говор на омраза, и активниот мониторинг и регулирање на содржината во медиумите за да се обезбеди почитување на стандардите за родова еднаквост.

**За резултат 3.2.1, нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза** на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги, има квалитативни и квантитативни податоци за постигнувањата на ниво на резултат. Во анализираниот период, има значителни напори во спроведувањето на стандарди и мерки за справување со овие проблеми. Во 2021 година е изработен **В**одич за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите[18]. Овој водич е успешно презентиран и споделен на работилници за медиумски професионалци, со цел подигање на свеста и подобро придржување кон стандардите. Во анализираниот период, немало опомени/реакции во медиумите. А**ктивностите** предвидени за овој резултат се генерално исполнети. Креирани се препораки за унапредување на законска рамка или за програми за дејствување во однос на медиумите и, на посебната веб страница rodoimediumite.mk[19] која ја администрира АВМУ, објавени

---

[18] Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите

[19] Оваа веб страница е spin off од матичната страница на АВМУ и служи како ресурсен центар на кој медиумите и граѓан(к)ите можат да најдат ресурси, информации, линкови за различни аспекти на родовите прашања. Се финансира од буџетот на АВМУ.

се релевантни документи во однос на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите. Спроведени се три обуки за новинари и медиумски работници, и периодично се спроведуваат годишни анализи на начинот на известување за родово заснованото насилство во националните медиуми. Процесот на измена и дополнување на Законот за медиуми, кој вклучува усогласување на член 4 од овој закон со член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е во тек. Со ова усогласување ќе се обезбеди дека забраната за дискриминација и говор на омраза врз основа на род, пол, родов идентитет и сексуална ориентација се еднакво забранети и за радиодифузерите и за сите други медиуми. Целта е да се обезбеди построга регулатива за справување со родово базирано насилство и дискриминација во медиумите. Се очекува овој процес да заврши во првиот квартал од 2025 година.

**Резултат 3.2.5 се фокусира на подобрување на медиумската содржина во однос на родовата еднаквост и различностите**. За мерење на успехот во овие напори има неколку дизајнирани индикатори, за кои има квалитативни и квантитативни достапни резултати. За првиот индикатор, број на обуки на медиумските работници и на вработените во институциите во однос на родовите стереотипи, по пол, по служба, идентификуван е следниот напредок: во текот на 2021 и 2022 година, фокусот е на изработка и презентација на различни водичи и прирачници кои помагаат во обука на медиумските работници за родово заснованото насилство и родова еднаквост. Обуките вклучуваат различни работилници, каде учествуваат претставници од национални и регионални медиуми. Во 2022, 2023 и 2024 година се организирани работилници чија цел е подобрување на капацитетите на медиумските работници од радијата и телевизиите на национално, регионално и локално ниво да известуваат за родово базирано насилство и да се спротивстават на родовите стереотипи. Во индикаторот, број на поднесени претставки за дискриминаторска содржина во медиумите, според известувањето, индицира дека немало претставки. Ова може да сугерира дека обуките и преземените мерки можеби придонесуваат кон подобрување на медиумската содржина или пак дека постои потреба за подобри механизми за пријавување на дискриминаторска содржина. Во однос на индикаторот Застапеност (%) на теми од родова еднаквост и различности во медиумски содржини, резултатите од истражувањата спроведени во 2021, 2022 и 2023 година покажуваат различна застапеност на теми од родова еднаквост во медиумите. Овие истражувања сугерираат дека има зголемување на свесноста и присуството на теми кои се однесуваат на родови прашања во различни формати на програми, но има простор за подобрување, особено во однос на редовното и адекватно прикажување на овие теми. Анализата за родот во спортските програми (2021 година)[20], со која беа опфатени осум национални телевизиски програмски сервиси, покажа доминација на известувањето за спортовите во машка конкуренција и пред и за време на Летните олимписки игри 2020. Како илустрација, на МРТ 1, спортовите во машка конкуренција заземаа 71,71% (7:35:56) од вкупното време посветено на спорт во информативната програма, додека спортовите во женската конкуренција само 10,44% (1:6:22)[21]. Анализата на забавните емисии спроведена во 2022 година[22], покажа делумното присуство на теми што можеа да бидат третирани

---

[20] Анализата „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии“ содржи податоци за сите осум ТВ сервиси, но овде, како најиндикативни, се дадени податоците за Јавниот сервис.

[21] Останатото време се однесува на мешана конкуренција (5,95%) и другите спортски вести кои не беа директно врзани за натпреварувања - 11,90%.

[22] Детални податоци можат да се најдат во „Истражување – Анализи на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2022 година“.

од родов аспект: од вкупно анализираните 412 прилози, родова тема или пристап имаше во 60, со тоа што, само во 9 прилози имаше афирмативен пристап кон родовата еднаквост и родовите прашања или стануваше збор за покажана родова сензитивност во поглед на темата. Во поглед на известувањето за родовозаснованото насилство на програмите на националните телевизии[23], во анализираниот период (првите десет дена од месеците јануари, февруари и март 2023 година) беа идентификувани 22 прилози кои се однесуваа на конкретни настани на родово засновано насилство (РЗН), како и 11 прилози во вестите и 4 прилози во информативните емисии кои ја обработуваа темата на РЗН. Најголем број беа објавени во март (12), а во јануари ниту еден. Родово заснованото насилство како тема обработена во конкретни стории во информативните изданија беше присутна само со по еден прилог на ТВ Алсат - М и МРТ 2, додека опсегот кај другите телевизии се движеше од 2 до 5 (5 прилози беа идентификувани кај ТВ Телма). Темите што се третираат беа семејно насилство, фемицид, кршењето на работничките права на жените во текстилната индустрија (економско насилство), статистички податоци, информации, истражувања и анализи за РЗН како и излагања на експерт(к)и и надлежни институции. Само во еден прилог се споменуваше прецизно терминот „родово засновано насилство“.

Што се однесува до индикаторот за жените како соговорнички/учеснички во емисиите: во спортските програми на МРТ1 имаше само 4% експертки, а на МРТ2 – ги немаше. Понатаму, на МРТ 1 близу 81% од појавувањата на новинар(к)и беа мажи, кои говореа во текот на над 84% од времето издвоено за говор на новинар(к)и. Кај МРТ 2, близу 88% од појавувањата на новинар(к)и отпадна на мажи кои говореа близу 91% од времето за говор. На МРТ 3 сите спортски преноси беа правени од мажи. Кога станува збор за спортист(к)ите, мажите заседоа нешто повеќе од 77% од инстанците на појавувања на на МРТ 1, а тој процент кај МРТ 2 изнесуваше нешто повеќе од 64%, со тоа што предОлимпијадата немаше спортистки. Во поглед на говорот, на МРТ 1 над 82% од севкупниот говор на спортист(к)ите беше на мажи, а вкниот говор наспортистиките на МРТ2 се должеше на едно интервју. Спортските експерти, на МРТ1 заседоа над 96% од времетраењето за вербална и визуелна презентација, додека на МРТ2 немаше спортски експертки.

Во забавните програми: имаше вкупно 496 соговорници кои говореа 3771 минута и 477 соговорнички кои говореа 2753 минути, 20 уреднички и 17 уредници, 43 водителки и 22 водители. Во поглед на односот помеѓу соговорниците и соговорничките во емисиите, во дури 63,1% од прилозите, медиумите покажаа професионален однос. Во 18,9% постоеше поблизок и попријателски однос, додека во 3,2% од прилозите постоеше непријателски и тензичен однос. Во дури 67,7% од анализираната содржина преовладуваше еднаквиот однос меѓу соговорниците/соговорничките.

Кај известувањето за родово заснованото насилство, како автор(к)и на прилозите се јавија 5 мажи и 17 жени, а како извори на информации – 6 мажи и 16 жени. Прилозите пак, во кои се обработуваше темата РЗН во вестите, беа во авторство на 3 новинари и 8 новинарки, додека како извори на информации се јавуваа 4 мажи и 16 жени. Гласот на активистките (сите жени) кои се борат против различните видови на РЗН беше присутен во сите од анализираните 11 прилози. Во прилозите кои ја обработуваа темата РЗН во информативните емисии, се јавија 1 водител и 3 водителки, додека како соговорници/чки имаше 1 маж и 9 жени.

[23] „Родот во медиумите 2023: Истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство на националните телевизии“.

Севкупната оценка на постигнувањата и достигнувањата во делот на медиуми е позитивен.

## Влијание

Проценката на влијанието се однесува на проценка на придонесот кон исходите (outcomes) дефинирани во СРЕ. Влијанието се однесува на настанатата логичка промена од преземените акции за подобрување на родовата еднаквост. Промената е проценета врз база на квантитативните податоци и квалитативна оценка, преку интервјуа со претставници на невладиниот сектор[24], кои работат на родова еднаквост и дискусија со претставници на институциите и невладиниот сектор. Клучните влијанија може да се класираат во неколку аспекти.

**Подигнување на свеста и промена на ставовите.** Согласно интервјуата со невладиниот сектор кој е вклучен во директна работа со таргетите и мониторинг на промените, перцепцијата е дека жените, вклучувајќи и оние од руралните средини, се значајно поосвестени и охрабрени да ги користат достапните мерки и можности. Подигнатата свест е евидентна низ повеќето слоеви на општеството. Кампањите, унапредените мерки особено во земјоделието и преку активностите за јакнење на свеста преку медиумите, може да имаат удел во ваквата перцепција. Но, истовремено е нотирана и потребата од континуирано образование за валоризација на неплатената работа и економското оспособување.

**Социоекономски аспекти.** Прогресот и влијанието во овој дел е сѐ уште недоволен. Поддршката на сервиси за грижа на децата и старите лица, се нотирани како клучни аспекти кои е потребно да се унапредат. Во едно од интервјуата беше нагласено *„На рурално ниво, освен градинки потребно е да има и други форми за згрижување деца и поддршка (дневни престои, субвенционирање и сл). Кај старски домови, освен старски домови, изградба и на сервиси / домови за заедничко живеење на функционални стари лица“*. Дополнително, во руралните средини, жените сѐ уште се соочуваат со значителни бариери во искористувањето на своите права, како што се породилно отсуство и сопственост над земјиштето. Од тој аспект, фокусот кон акции кои ќе предизвикаат суштински промени во можностите е клучна.

**Политика и правда.** Перцепцијата за учество на жените во политиката е дека постои стагнација, а сѐ уште жените не се охрабрени да ги искористат своите капацитети и активно да учествуваат. *„Политичката сцена не ги искористува целосно нивните капацитети, што дополнително ги сведува на позиции каде тие се очекува да заземаат пасивни или симболични улоги“.* Во поглед на **правна поддршка и сервиси**: има прогрес во достапност на бесплатните сервиси. Но, значајни предизвици постојат во координацијата меѓу институциите како Центрите за социјална работа (ЦСР), полицијата и здравствените институции при обезбедување на поддршка за жените жртви на родово базирано насилство. Според едно од интервјуата истакнато е *„Институциите не се доволно сензибилизирани за работа со оваа категорија. Бројката се зголемува, се јавуваат*

[24] Интервјуа со претставници од: СОЖМ и Млади Правници, и дискусија со платформа за Родова еднаквост.

*жените да се информираат ама не се охрабруваат да водат постапки. Стереотипите, немање економска поддршка, страв да не ги изгуби децата... се дел од причините“*.

**Институционална поддршка и капацитети.** Постои зголемување на институционалната поддршка за жените. Значаен донатор е UN Women, Совет на Европа, а Министерство за Одбрана го истакнаа и позитивното искуство со УНДП. Но, потребата од поголема координација помеѓу институциите е нагласена. Дел од институициите дадоа и конкретни примери за недоволна координација, и позитивни примери за надминување на овие предизвици. *„Често се повторуваат активностите. Донаторите имаат проблем, во таргетот. Треба да се подобри координацијата“*. Дел од сугестиите се *„Надлежната институцијата во областа може да помогне во координацијата“*. Позитивен пример за координација се АВМУ, *„истовремено имаше прирачник од невладина и наш водич. На крај се согласивме дека заеднички ќе ги организираме обуките, и се направи координација“.*

**Долгорочно влијание:** Од спроведените интервјуа истакнати се неколку клучни аспекти за долгорочно влијание, меѓу кои континуитетот и конзистентноста на активностите како клучни за успехот на стратегијата. Неопходно е да се зајакне менталитетот и вклучувањето на жените во општествените текови.

## Ефикасност

Проценката на ефикасноста има за цел да оцени дали испорачаните резултатит биле постигнати со оптимално или рационално ниво на трошоци. Во овој дел се поврзуваат инпутите кои биле искористени за реализација на активностите и испорачаните резултати. Проценката треба да даде информации, дали средствата биле доволни, а активностите биле реализирани. Основната претпоставка за целосна проценка на ефикасноста е дека постојат финансиски и наративни извештаи од кои може да се идентификуваат издвоените средства за реализираните активности според изворот на финансирање.

Анекс 1 дава детален преглед на планираниот буџет по активност. Кај дел од активностите, особено оние кои предвидуваат Законски измени, буџетот е на ниво на проценка. Вкупниот планиран буџет за реализација на активностите од Стратегијата за родова еднаквост (без проценетиот трошок за Законските измени за породилно отсуство на мажите) изнесува 247.844.684 денари. Подетални проценки, дали овие средства се оптимални и ефикасно искористени, не може да се направат. **Сепак, еден од клучните наоди, е дека однапред планираниот и обезбеден буџет влијае врз реализацијата на активностите (табела 12).** Активностите кои се реализирале и се во тек на реализација имале и најголем вкупен и просечен буџет по активност. Спротивно, за активностите кои не се реализирале, буџет скоро и да нема. Ова е клучен наод, за понатамошно планирање.

*Табела 12: Планиран буџет во денари според исполнетост на активностите.*

| Исплнетост на активности | Планиран буџет во денари | Број на активности | Просечен буџет |
|---|---|---|---|
| **да** | 198.964.684 | 39 | 5.101.659 |
| **во тек** | 33.930.000 | 5 | 6.786.000 |
| **не** | 310.000 | 12 | 25.833 |
| **нема податок** | 14.640.000 | 5 | 2.928.000 |

| Вкупно | 247.844.684 | 61 |
|---|---|---|

*Извор: НАПРЕ 2022-2024.*

Табела 13 дава преглед на планирани средства по специфична цел. Најмногу средства се алоцирани во специфична цел 2.6, родово сензитивни обрзование и наука, а најмалку во 2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност).

*Табела 13: Планиран буџет по специфична цел*

| Специфична цел | Буџет, во денари |
|---|---|
| **1.1 Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост** | **3.646.590** |
| **1.2: Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво** | **600.000** |
| **1.3: Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки** | **-** |
| **2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап** | **59.940.594** |
| **2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот** | |
| **2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата** | **16.100.000** |
| **2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа** | **38.540.000** |
| **2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот** | **61.000** |
| **2.6: Родово сензитивни образование и наука** | **73.134.000** |
| **2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност)** | **92.500** |
| **2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност** | **33.630.000** |
| **2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи** | **21.000.000** |
| **3.1: Спречување и борба против родово базирано насилство** | **500.000** |
| **3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост** | **600.000** |
| **Вкупно** | **247.844.684** |

*Извор: НАПРЕ 2022-2024*

Според извор на финансирање (Табела 14), најголем дел од планираниот буџет (65%) доаѓа од Буџетот на Република северна Македонија, и редовните програми во рамки на Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за Образование, Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој, и Министерство за култура. Сепак значаен извор на финансирање се и донаторите, од кои доминантни се ИПА програмите, Совет на Европа и УН Вомен, кои учествуваат со околу 32%. Во понатамошното планирање, најефективно е планираните активности да се вградат во рамки на постоечките програми на институциите, особено оние активности кои се однесуваат на обезбедување на сервиси.

*Табела 14: Извори на планиран буџет по извори на финансирање*

| Извор на финансирање | Планиран буџет | % од вкупно |
|---|---|---|
| **Буџет МК** | 73.134.000 | 30% |
| **МТСП Програма за остварување на  социјална заштита 2022** | 33.630.000 | 14% |
| **ИПА: 21.591.249,00**<br>**МФ, М-Интеграција во ЕУ: 3.067.544,00**<br><br>**ИПА: 4.345.155,00**<br>**МФ, М-Интеграција во ЕУ: 617.316,00** | 29.621.264 | 12% |
| **ИПА: 18.513.942**<br>**МФ, М-Интеграција во ЕУ: 2.630.376,00**<br><br>**ИПА: 4.329.682,00**<br>**МФ, М-Интеграција во ЕУ: 615.105,00** | 26.089.105 | 11% |
| **АФПЗРР** | 26.000.000 | 10% |
| **Совет на Европа** | 21.000.000 | 8% |
| **МК** | 16.100.000 | 6% |
| **МОН** | 12.240.000 | 5% |
| **МЕ** | 3.500.000 | 1% |
| **МТСП** | 1.836.590 | 1% |
| **МТСП УН Вомен** | 1.800.000 | 1% |
| **АВМУ** | 661.000 | 0,3% |
| **МТСП донации** | 600.000 | 0,2% |
| **Меѓународни организации УНФПА** | 500.000 | 0,2% |
| **МТСП и УН Вомен** | 448.220 | 0,2% |
| **МЗШВ** | 300.000 | 0,1% |
| **Буџет на РСМ. Донатори (ИПА и Светска Банка)** | 282.005 | 0,1% |
| **Буџетски средства на МО и поддршка од меѓународни организации** | 53.500 | 0,0% |
| **МО** | 39.000 | 0,0% |
| **МТСП, Донација ОБСЕ** | 10.000 | 0,0% |
| **Трансфери за породилно од Буџет на РСМ во износ од 3198000000** | | 0 |
| **Вкупно** | **247.844.684** | |

*Извор: НАПРЕ 2022-2024*

## Анекс 1: Активности и планиран буџет според статусот на реализација на активноста.

| | Планиран буџет во денари и статус на исполнетост на активноста | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел, резултат, активност** | **да** | **во тек** | **не** | **нема податок** | Вкупно |
| **1.1 Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост** | | | | | |
| **1.1.1 Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво** | | | | | |
| Утврдување на план и порграма за обуки<br>Спроведување на планот и програмата | 436.590 | | | | 436.590 |
| Воспоставување на одделение и пополнување на капацитети на одделението | 1.400.000 | | | | 1.400.000 |
| Јавна дебата за ЗРЕ и јавна расправа во Собрание | | | 10.000 | | 10.000 |
| Утврдување на работни задачи, цели и одговорности на координатиорите за родова еднаквост<br>Утврдување на потребни квалификации за извршување на работните задачи<br>Измена на каталогот за ситематизација на работните места | | | - | | - |
| 1.1.2 Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги градоначалниците | | | | | |
| ЕЛМС надградба на модулот за еднакви можности | | | - | | - |
| Изработка на годишен план и програма за континуиран професионален развој за центрите за социјална работа за 2023и 2024 | | | | - | - |
| Изработка на годишен план и програма за обуки за Ресурсниот центар за обуки за 2023 и 2024 | - | | | | - |
| Креирање модули за обука за родова еднаквост на централно и на локално ниво | 1.800.000 | | | | 1.800.000 |
| Прибирање на родово разделени статистички податоци за лица кои ја поминале обуката за ЕЛМС за 2023 и 2024<br>Прибирање на родово разделени статистички податоци за лица кои поминале обуки согласно планот и програмата за обуки на Ресурсниот центар за обуки за 2023 и 2023 | | | - | | - |
| 1.2: Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво | | | | | |
| **1.2.1 Унапредени капацитетите за РОБ на сите нивоа на креирање политики и буџети** | | | | | |
| Од резултат 1,1,3 | | | | | |
| Спроведување на обука за родово одговорни буџетски иницијативи | - | | | | - |
| Спроведување на обуки за РОБ за чинители на централно и на локално ниво | 600.000 | | | | 600.000 |
| **1.3: Воспоставување ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со релевантните меѓународни обврски и препораки** | | | | | |
| **1.3.1 Редовно собирање и ажурирање на родово разделени податоци на сите нивоа и кај сите релевантни чинители** | | | | | |
| Надградба на ХРМИСОТ за да обезбеди родово разделени податоци | - | | | | - |
| **2.1: Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап** | | | | | |
| **2.1.1 Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници** | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Развој на образовни програми за основно и средно училиште за одржлив развој, енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија; со фокус на промоција и поддршка на жените да продолжат со професионални кариери во секторите. | | | | |
| Спроведување на кампања „Гласна и храбра“ | 448.220 | | | 448.220 |
| Спроведување на теренски активности (јавни дебати, информативни средби) за запознавање на жените од рурални средини за можности за вработување и стимулирање на здружувањето на жените од руралните средини во задруги | | - | | - |
| Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот | 1.500.000 | | | 1.500.000 |
| Финансиска поддршка за женско претприемништво за дигитализација на деловните процеси | 2.000.000 | | | 2.000.000 |
| **2.1.2 Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки** | | | | |
| Спроведување на Анкетата за структура на заработувачката, која има четиригодиѓна периодика. Анкетата ќе се спроведе во 2023 година, со што ќе се обезбеди индикаторот за 2022 година. | - | | | - |
| **2.1.4 Подобрен квалитетот на работа на жените** | | | | |
| Измена на Законот за работните односи во насока на обезбедување на родителско отсуство за мажите | | 3.198.000.000[25] | | 3.198.000.000 |
| Измена на Законот за работните односи во насока на регулирање на механизми за флексибилно работно време | | | | |
| **2.1.5 Воспоставени мерки за усогласување на професионалниот и на приватниот живот, во согласност со Директивата на ЕУ за баланс на професионалниот и приватниот живот** | | | | |
| Донесена Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2023 година; | 282.005 | | | 282.005 |
| Изградба на градинка во општина Теарце | 29.621.264 | | | 29.621.264 |
| Изградба на градинка во општина Тетово | 26.089.105 | | | 26.089.105 |
| **2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството преку посебни мерки и политики насочени кон афирмација и соодветно вреднување на нивната работа** | | | | |
| **2.2.1 Подобрена положбата на жените во руралните средини во однос на управување со земјоделски имот и земјиште** | | | | |
| 10 Кампањи за сузбивање на родови стереотипи во рурални средини. | | - | | - |
| Иницирање на предлог-законски одредби за зголемување на бројот на жени сопственици на недвижен имот во кодификацијата на граѓанскиот законик | | - | | - |
| Организирање на на меѓународна конференција на рурални жени од Балканот заради размена на искуства во однос на преминување од неформална во формална економија | | 300.000 | | 300.000 |
| **2.2.2 Намалена неплатената работа што ја вршат жените во руралните средини** | | | | |
| Подготвена програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност | 4.000.000 | | | 4.000.000 |
| **2.2.3 Зголемено учество на жените во програмите за финансиска поддршка во земјоделството** | | | | |
| Спроведување на Мерката 115 – Поддршка на активен женски член на земјоделско стопанство | 22.000.000 | | | 22.000.000 |
| **2.2.4 Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулативни мерки и поддршка** | | | | |
| Доделување на  стипендии за студенти запишани на ветеринарна и земјоделска струка. | | | 9.720.000 | 9.720.000 |

[25] Проценет годишен трошок доколку измените во Закон се спроведат.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доделување на стипендии на ученици од земјоделско ветеринарна струка | | 2.520.000 | 2.520.000 |
| **2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот** | | | |
| **2.4.1 Жените еднакво учествуваат во сферите на донесување одлуки на највисоките национални нивоа на управување (Заложба 50-50)** | | | |
| Иницијатива за  измени на изборно законодавство за постоечки квоти<br>Доставување на предлози за зајакнување на позицијата на жените | | - | - |
| **2.4.3 Зголемено учество на жените во креирањето на локалните политики и буџети, особено ранливите категории жени (Заложба 50-50)** | | | |
| **2.4.4 Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите** | | | |
| Изработка на студии, анализи поврзани со претставување на родот  и родовите прашања на ТВ и Радио | 1.850.000 | | 2.251.894[26] |
| Обезбедување родово разделени статистички податоци за сопственичка структура и структура на вработените на ТВ и Радио<br>Објавување на одлуки по претставки на граѓани<br>Јавно презентирање на резултатите | - | | - |
| **2.6: Родово сензитивни образование и наука** | | | |
| **2.6.1 Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот процес од страна на девојчињата од маргинализираните заедници** | | | |
| Креирање на мерки за поттикнување на девојчиња и на нивните родители за завршување на основно училиште<br>Креирање на мерки за зајакнување на училиштата и училишните служби за препознавање и постапување во случај на можност за предвремено напуштање на образование | 34.120.000 | | 34.120.000 |
| Креирање на мерки за поттикнување на девојчиња и на нивните родители за завршување на средно училиште | 24.464.000 | | 24.464.000 |
| 2.6.2 (До)оформување на основното образование за возрасни жени Ромки и поддршка преку учество во обуки според верификувани програми за стекнување квалификации, со цел зголемен пристап до пазарот на труд | | | |
| Финансиска поддршка на образование на возрасни Роми кои немаат комплетирано основно или средно образование | | 2.400.000 | 2.400.000 |
| **2.6.3 Промовиран принцип за родова еднаквост во научноистражувачка дејност** | | | |
| Доделување стипендии за студенти Роми. | 12.150.000 | | 24.464.000 |
| **2.6.5 Целосно воспоставено сеопфатно сексуално образование** | | | |

[26] Вкупната потршошена сума е поголема од предвидената поради тоа што во неа, освен средствата за спорведување на истражувањата (предвидени во посебни ставки во буџетот на АВМУ0, се пресметани и ставки за печатење, а во некои случаи и превод на истражувањата објавени во 2022, 2023 и2024 година (овие средства се предвидени во заедничка годишна ставка за печатење, дносно за превод. Некои од активностите, на пример изработката на анализата „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022)", изработката на графички прикази и илустрации за публикациите, основната подготовка за печатење, објавувањето на ресурсите на www.rodotimediumite.mk и сл. ги реализираат вработени во АВМУ, односно овие средства се пресметуваат во нивните плати.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Евалуација на пилот програмата за сеопфатно сексуално образование (ССО | | | |
| Кампањи за зголемување на свеста за придобивките од ССО | | | |
| Обуки за наставници и стручни работници за спроведување на изборен предмет за ССО во 9 одделение | | | |
| Подготовка на Национална Стратегија за ССО 2022-2030 | | | |
| **2.7: Унапредување на родовата еднаквост за постигнување и одржување позитивен мир (Жени, мир и безбедност)** | | | |
| **2.7.1 Зголемено учество на жени во областа на одбраната, особено на позиции на донесување одлуки** | | | |
| Активности за поттикнување на вклучување на девојчиња во образование за вработување во областа на безбедноста и мирот | 39.000 | | 39.000 |
| семинари/работилници за промоција<br>јавни кампањи, јавни дебати, изготвување видео/аудио/печатени материјали | 7.500 | | 7.500 |
| **2.7.2 Родово сензитивен персонал во одбраната, надворешната политика и внатрешните работи** | | | |
| Поттикнување на еднакво учество на обуките и за мажи и за жени во одбраната | 46.000 | | 46.000 |
| **2.8: Подобрување на пристапот до социјалните услуги и промоција на родовата перспектива за социјална сигурност** | | | |
| **2.8.1 Воспоставени и унапредени специфични мерки за ранливи категории жени и лица со различни родови идентитети, со посебно внимание кон интерсекционалност** | | | |
| Воспоставување на сервиси за жртви на РБН и СН во планските региони согласно стандардите на ИК | | 33.630.000 | 33.630.000 |
| **2.9: Еднаков пристап до правда за сите жени и мажи** | | | |
| **2.9.1 Законите, мерките и политиките овозможуваат еднаков пристап до правда за жените од ранливите категории** | | | |
| Подготовка, објавување и дистрибуција на информативни брошури<br>Спроведување на обуки за давателите на БПП за препознавање и овозможување на пристап до бесплатна правна помош | 21.000.000 | | 21.000.000 |
| **2.10: Унапредување на родовата еднаквост во спортот** | | | |
| **2.10.1 Зголемено учеството на жените и на девојчињата во спортско-рекреативни и во професионални спортски активности преку соодветни програми и стимулативни мерки** | | | |
| Мерки за поттикнување на спортски клубови за организирање соодветни тренинзи за жени | | | |
| **2.11: Унапредување на родовата еднаквост во културата** | | | |
| **2.11.1 Зголемено учество на жени во проекти на полето на културата** | | | |
| Објавување на годишни конкурси (согласно чл. 64 од Законот за културата) поврзани на теми кои третираат родово сензитивна проблематика во културата | 16.100.000 | | 21.000.000 |
| **2.11.2 Родовите прашања се повидливи во културните настани и во издаваштвото на полето на културата** | | | |
| Изготвување на Анализа за користење на просторот на национални и локални институции од областа на културата за проекти и активности<br>фокусирани на род и родови идентитети | | - | - |
| **2.11.3 Промовирани авторки во македонска книжевност и преведени дела од странски автор(к)и** | | | |
| Креирање на родово поделена база на податоци за лица што аплицирале и добиле финансиска поддршка од МК<br>Објавување на родово поделена статистика во резултатите од конкурсите на МК | - | | - |
| **3.1: Спречување и борба против родово базирано насилство** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.1.1 Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување** | | | |
| Подготовка на евалуациски исвештај за Акцискиот план за имплементација на Истанбулската конвенција 2018-2023 | 200.000 | | 200.000 |
| Подготовка на Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жени и семејно насилство 2024-2031 со Акциски план за спроведување | | 300.000 | 300.000 |
| Усвоени измени и дополнување на кривични дела согласно ИК | - | | - |
| **3.1.2 Достапни родоворазделени податоци за сите форми на РБН** | | | |
| Спроведување на национално истражување за состојбата со родово-базираното насилство врз жените и семејното насилство. | | | |
| **3.1.3 Унапреден институционален одговор за превенција и заштита од РБН, особено на полицијата и правосудството** | | | |
| Спроведување континуирани основни и напредни обуки на полициски службеници од МВР на централно и регионално ниво за примена на индикатори и проактивни методи за рано откривање и идентификација на потенцијална жртва и жртва на тргвоија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените и девојчињата жртви.<br>Ажурирање на модули за обука и организирање мултидисциплинарни обуки на персоналот вклучен во Центар за жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци за работа со жртви на трговија со луѓе и ранливи категории под висок ризик од трговија со луѓе.<br>Креирање и вклучување на модули за родова еднаквост и преземање мерки и активности во врска со семејно насилство во програмата за основна обука за полицаец. | | | |
| **3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост** | | | |
| **3.2.1 Нулта толеранција за сексизам и за сексистички говор на омраза на работните места, во спортот, во медиумите и во пристапот до добра и услуги** | | | |
| Годишни анализи за третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и на мачите во програмите на радиодифузерите[27].<br>Периодични препораки за зајакнување на содржиите и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење говор на омраза | | | |
| Измени во закон за медиуми - усогласување на член 4 од ЗМ со член 48 од ЗААВМУ<br>Објавување на информации за дејствијата преземени против дискриминаторската содржина во медиумите | | | |
| Обуки за новинари и медиумски работници за препознавање и реакција на сексистчки говор на омраза, со мерење на стекнати знаења | - | | - |
| Препораки за унапредување на законска рамка или за програми за дејствување во однос на медиумите<br>Објавување релевантни документи во однос на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, на сајтот на АВМУ | - | | - |
| **3.2.5 Медиуми што не промовираат стереотипи и стереотипни улоги, туку родова еднаквост и различности** | | | |
| Годишни анализи за изразувањето и ставовите на уредниците, новинарите и гостите во ТВ и радио[28], и периодични препораки за зајакнување на содржиите и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење на говор на омраза . | - | | - |

*Извор: НАПРЕ 2022-2024*

[27] Податоците се наведени кај точка 2.4.4 Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите.

[28] Податоците се наведени кај точка 2.4.4 Зголемено учество на жените на позиции на донесување одлуки во медиумите.